ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2021 ГОДИНА НА
# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ (637)

01 2022 03 01

Скопје, мај 2023 година

С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|


КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР 1 - 46

Финансиски извештаи за 2021 година:

Биланс на приходи и расходи 47
Биланс на состојба 48
Преглед на промени на извори на капиталните средства 49

Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи
- Вовед 50 - 52
- Сметководствени политики 52 - 53
- Образложенија кон финансиските извештаи 53 - 59

Прилози

Прилог 1 - Потпрограма Д8 - Унапредување на локална и регионална конкурентност во областа на туризмот
Прилог 2 - Потпрограма С4 - Програма за намалување на аерозагадувањето
Прилог 3 - Потпрограма П1 – Мерки за справување со КОВИД- 19 кризата
Прилог 4 – Арбитражни постапки
Прилог 5 – Забелешки на Нацрт извештај
Прилог 6 – Одговор на забелешки на Нацрт извештај

Кратенки користени во извештајот:

Влада – Влада на Република Северна Македонија
МФ – Министерство за финансии
СОЗР – Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија
ИТ – Информатичка технологија
НБРСМ – Народна банка на Република Северна Македонија
ДДВ – Данок на додадена вредност
АФПЗРР - Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 11-535/7
Дата: 29.05.2023

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Влада на Република Северна Македонија и ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) за 2021 година.

Со извршената ревизија не изразивме мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и за усогласеноста на финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Владата за 2008 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Од причина што од извршената ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходните ревизии не беа предмет на проверка.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2021 година, заедно со ревизија на усогласеност, ги констатиравме следниве состојби:
- за системот на внатрешните контроли, во дел од организационите структури, отсуствуваат пишани процедури за примопредавањето на документацијата по програми и проекти, додека за донесените процедурите кои се однесуваат на дел од работните процеси не е извршена нивна ресертификација,
- донесени се пооделни акти за внатрешната организација и систематизација на работните места на Канцеларијата на Претседателот на Владата и на Генералниот секретаријат на Владата, иако Генералниот секретаријат како стручна служба на Владата, е еден државен орган,

- ангажирани се лица со авторски договори преку агенција за интелектуална сопственост, иако работите и работните задачи не подразбираат креирање на авторско дело согласно законската регулатива,
- недоволната кадровска екипираност на секторот за внатрешна ревизија, влијае врз бројот на извршени ревизии во текот на годината,
- не е склучен договор со СОЗР за определување на видот, обемот, квалитетот, висината на надоместокот, рокот и начинот за извршување на услугите кои Владата ги користи во текот на годината,
- за уплатените средства во износ од 71.129 илјади денари по основ на придонеси за задолжително социјално осигурување за акционерско друштвото, не е доставена документација дека е извршено зголемување на основната главнина на друштвото ниту документ за запишувањето на државата како сопственик на акциите и истите не се дел од евиденцијата во Владата,
- за градежниот објект во кој Владата ги извршува тековните активности, не е обезбеден документ за правото на користење,
- извештајот за пописот на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2021 година не е усвоен од страна на Генералниот секретар и не е извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот,
- во деловните книги на Владата евидентирани се софтвери и лиценци во вкупен износ од 576.514 илјади денари, иако дел се набавени и се користат во повеќе институции од јавната администрација, додека за дел не добивме документација дека истите се користат од страна на Владата или се дадени на користење на други институции,
- за потпроектите кои се дел на Проектот за локална и регионална конкурентност, исплатата кон добавувачите се врши од буџетот на Владата, при што Владата нема целосни информации за искористеноста на средствата за намената за која е планирана програмата како и податоци дали градежните објекти и опремата се целосно евидентирани како државен имот кај крајните корисници,
- од планираните средства за Програма за намалување на аерозагадувањето искористени се 30% поради недоволен број на поднесени апликации од страна на општините, при што распределбата ја врши комисија со претставници од повеќе институции, а критериумите и бодовите за избор на проекти Генералниот секретаријат ги утврдува во јавните повици,
- преку Владината потпрограма Мерки за справување со КОВИД-19 кризата, исплатени се средства во износ од 6.097.000 илјади денари без утврдени критериуми во однос на избор на институции и износот на одобрените неповратни финансиски средства, при што 33% од примателите на средствата немаат доставено извештај за реализираните активности до Владата,

- кај дел од постапките за јавни набавки утврдивме недоследности во начинот на планирање, спроведување и реализација, поради што за дел од истите започнати се постапки пред надлежни органи.

За утврдените состојби дадени се препораки до одговорните лица, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет обелоденети се следниве состојби:
- судски постапки кои се во тек, во кои Владата е тужена страна или тужител, а кои може да имаат влијание на идните финансиски текови на Владата,
- две истражни постапки пред Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, за кои Владата има предјавено оштетно побарување,
- Координативното тело за следење на арбитражните постапки кои произлегуваат од склучените односно ратификуваните меѓународни договори на Република Северна Македонија, изработило анализа и утврдило дека доколку државата ги изгуби споровите, вкупен износ на средства што потенцијално би требало да се платат се во износ од 82.267.500 илјади денари (945 милиони евра и 420 милиони долари), што ќе има импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија во наредни години. Ревизијата укажува на потреба за утврдување на причините поради кои се покренати арбитражни постапки, со цел утврдување на одговорност,
- согласно постојната законска регулатива, од сметката на Генералниот секретаријат исплатени се средства по дел од Владини програми, за кои целокупната документација, извршените проверки на податоците како и извршените контроли се надлежност на други државни органи и истите се одговорност на раководните лица на одделните буџетски корисници. За овие програми во текот на 2021 година исплатени се средства во вкупен износ 1.404.711 илјади денари и
- за непречено управување и располагање со средствата сопственост на државата, потребно е Владата да преземе активности за обезбедување на документи за сопственост на финансиските средства на државата како и да воспостави евиденција на нефинансиски (материјални) средства сопственост на државата, надлежност уредена во член 73 од Законот за буџети, кој стапува на сила на 01.01.2025 година.

Во делот на Останати прашања истакнуваме:
- потреба од усогласување на поодделните закони со Законот за организација и работа на органите на државната управа во однос на основањето, правата и надлежностите на државните органи и институциите и

- потреба од измени и дополнување на Законот за вработените во јавниот сектор во однос на регулирање на висината на платата на посебните советници во одделните институции, вклучувајќи го и Генералниот секретаријат.

Од страна на Владата доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се разгледани и оценето е дека осум забелешки преставуваат известување за активностите кои се преземени или ќе се преземат од страна на Владата за надминување на констатираните состојби, две забелешки не се прифаќаат и една забелешка е прифатена.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна од 47 до 49 заедно со ревизија на усогласеност на Владата на Република Северна Македонија на сметката на основен буџет (637), кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за 2021 годината и преглед на промени на изворите на капитални средства и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Владата за 2008 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и неповолно мислење за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Владата на Република Северна Македонија застапувано од:

- Зоран Заев, Претседател на Владата од 30.08.2020[1] година до 16.01.2022 година и
- Мухамед Зеќири, Генерален секретар од 24.11.2020[2] до 12.04.2022[3] година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

[1] Одлука за избор на Владата на Република Северна Македонија, број 08 – 2744/1 од 30.08.2020 година
[2] Решение за именување на генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, број 20-11278/1 од 24.11.2020 година
[3] Решение за разрешување од должноста генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, број 14-3432/1 од 12.04.2022 година

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Заради прашањата опишани во делот Наоди и препораки, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 10.10.2022 до 30.12.2022 година кај Генералниот секретаријат од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Владата на Република Северна Македонија на сметката на основен буџет (637) за 2008 година. Од причина што од извршената ревизија е поминат подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, имплементацијата на дадените препораки од претходната ревизија не беше предмет на тековната ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 08.03.2023 година.

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од одговорните лица на Владата на Република Северна Македонија, број 12-3561/2 од 03.05.2023 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-535/7 од 04.05.2023 година како и број 08-286/1 од 21.01.2022 година), заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-535/6 од 25.04.2023 година. Забелешките се разгледани од страна на овластениот државен ревизор при што е констатирано дека забелешките на точките 4.1.1., 4.2.3., 4.2.4., 4.2.5., 4.3.1., 4.3.2., 4.3.4. и 4.3.5. претставуваат известување за активностите кои се преземени или ќе се преземат од страна на Владата за надминување на констатираните состојби, додека забелешката на точка 4.2.1. и 4.4.4. не се прифаќаат и забелешката на точката 4.3.6. се прифаќа поради дополнително доставена документација.

Забелешките и одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

### 4.1. Внатрешни контроли

4.1.1. Согласно член 7 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, раководителот на субјектот потребно е да воспостави систем на контроли во сите организациони структури, програми, операции и процеси, раководени од него, контрола на водење на сметководството, преземање на финансиски обврски и извршување на плаќањата, прибирање на приходите и заштита на средствата и обврските.

Во однос на воспоставениот систем на внатрешни контроли во Владата, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- годишните програми за работа содржат политики за реализација на стратешки приоритети и цели на Владата планирани за период од три години, кои најчесто се реализираат преку повеќегодишни проекти и програми со утврдени активности и мерки.

  Имајќи го предвид обемот на надлежностите, хетерогената организациона структура, буџетот со кој се финансираат активностите, периодот на реализација како и честата флуктуација на дел од раководните лица, утврдивме дека во постојните процедури не е уреден начинот на примопредавање на документацијата по одделни програми и проекти, што создава ризик од отсуство на хронолошка и целокупна документација за истите.

  Наведените состојби влијаат врз информирањето на Владата за спроведувањето на активностите во рамки на поединечните програми заради давање насоки за идни активности, со што се отежнува процесот на надзор и контрола над нивната реализација, со цел покривање на можните ризици со контроли и утврдување одговорност во случај на нецелосно, ненавремено и незаконско извршување на работните задачи,

- во 2018 година од страна на одговорното лице на Владата донесено е упатство[4] со кое се уредува постапувањето со влезните фактури, нивното архивирање, контрола и исплата. Во упатството предвидено е вршење на ex-ante логичка, математичка и суштинска контрола на влезните фактури, како и ex-post финансиска контрола, кои контроли треба да бидат потврдени со потпис од вработените кои ја вршат истата.

  Од извршениот увид утврдивме дека доказ за извршена ex-ante контрола има само од страна на ликвидаторот, додека за извршената ex-post финансиска контрола нема доказ, што не е во согласност со член 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола каде е уредена потребата и начинот на

---

[4] Упатство за постапување со влезните фактури, број 49-10612/1 од 28.11.2018 година

спроведување на ex-ante и ex-post финансиска контрола. Отсуство на соодветни контроли создава ризик евидентирањето на трансакции во сметководствената евиденција да не се навремени и целосни како и да не се темелат на соодветна и комплетна сметководствена документација.

Истакнуваме дека во 2022 година донесено е ново Упатство за постапување со фактурите, согласно кое како прилог на фактурите се пополнуваат и потпишуваат обрасци за контроли,

- согласно член 3 од Законот за воведување на систем за управување со квалитет и заедничка рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба[5], органите треба да воведат меѓународни или македонски стандарди со цел подобрување на управувањето со квалитетот во работењето и давањето на услуги во државната служба. Владата во 2014 година спровела сертифициран систем за менаџмент со квалитет во согласност со барањата на стандардот МКС EN ISO 9001:2009 и систем за управување со животната средина ISO 14001:2004 и донела вкупно 30 процедури кои се однесуваат на работните процеси од нејзина надлежност. Сертификатите се валидни заклучно со јуни 2017 година, односно нивната важност не е продолжена. Ваквата состојба влијае врз управувањето со квалитетот во работењето и квалитетот на услугите кои ги извршува Владата.

  Владата во Годишниот план за јавни набавки за 2021 година има планирано постапка за јавна набавка на услуги за реализација на ре сертификација/ сертификација на системи за менаџмент со квалитет (ISO 9001:2015) и управување со животната средина (ISO 14001:2015) и за вршење надзорни проверки по 12 и 24 месеци од издавањето на сертификатот, но истата не е реализирана.

Препорака:

Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за:

- дефинирање на начинот на примопредавањето на документацијата по одделни програми и проекти заради обезбедување на хронолошка и целокупна документација за истите и
- обезбедување на процедури за работните процеси и стандарди и нивна доследна имплементација.

### 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Согласно член 40-а од Законот за Владата на Република Северна Македонија, основан е Генерален секретаријат како стручна служба на Владата, со кој раководи генерален секретар кој го именува и разрешува Владата. Генералниот секретар има права и должности на функционер кој раководи со орган на

[5] Службен весник на Република Македонија број 69/13, 193/15 и 215/21 година

државната управа, а неговата работа се утврдува со Деловодникот за работа на Владата. Генералниот секретаријат обезбедува координација и стручна поддршка за потребите на Владата, претседателот на Владата, неговите заменици, како и на членовите на Владата во остварувањето на нивните надлежности, ги обезбедува неопходните информации и стручни совети и мислења во врска со креирањето и анализа на политиките на Владата, како и други активности утврдени со Законот за Владата и Деловникот на работа на Владата.

Во член 11 став 4 од наведениот закон, уредено е дека Претседателот на Владата формира Канцеларија на Претседателот на Владата, која со Одлука[6] на Владата, формирана е во 2003 година. Канцеларијата му помага на Претседателот на Владата со совети и мислења засновани врз научни и стручни сознанија во остварувањето на правата и должностите кои произлегуваат од Уставот, Законот и Деловникот за работа на Владата. Со канцеларијата раководи Шеф на Канцеларијата, кој го именува и разрешува Претседателот на Владата.
Средствата за работа на Генералниот секретаријат и на Канцеларијата се обезбедуваат од буџетот на Владата.

Од извршениот увид на законската и подзаконската регулатива со која е регулирано основањето и функционирањето на Генералниот секретаријат и Канцеларија на Претседателот на Владата, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Генералниот секретаријат и Канцеларијата на Претседателот на Владата имаат донесено одделни акти со кои е регулирана внатрешната организација и систематизација поодделно, за кои добиена е согласност од Министерството за информатичко општество и администрација,
- формирани се сектори и одделенија во Генералниот секретаријат и во Канцеларијата на Претседателот на Владата, од кои дел се со идентични надлежности и обврски,
- во член 4 од Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа уредено е дека во органите на државната управа се формираат организациони единици, при што не може да има преклопување на надлежностите на одделните сектори и одделенија.

Не оспорувајќи ја потребата од постоење на Канцеларија на Претседателот на Владата со одделни организациони единици кои овозможуваат поддршка на работењето на Претседателот на Владата, наведените состојби укажуваат на постоење на два акти за внатрешна организација и систематизација во

[6] Одлука за формирање на Канцеларија на Претседателот на Владата на РСМ број 19-2/1 од 02.02.2003, број 19-643/1 од 06.02.2007, број 41-651/1 од 07.02.2021, број 08-1299/1 од 15.08.2016 и број 08-1299/2 од 19.08.2016 година

Генералниот секретаријат, кој како стручна служба функционира како еден орган, што доведува до преклопување на надлежностите во однос на делокругот на работите кои ги вршат организационите единици.

**Препорака:**
Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за преиспитување на актите за внатрешната организација и систематизација на работните места на Канцеларијата на Претседателот на Владата и на Генералниот секретаријат на Владата во насока на носење на еден акт за внатрешната организација и систематизација на работните места во целина.

4.2.2. Генералниот секретаријат во текот на 2021 година има исплатено средства за ангажирање на 77 лица врз основа на авторски договори во текот на целата година, во вкупен износ од 22.807 илјади денари.
Со извршениот увид во поединечните авторски договори и документацијата за извршените исплати, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- лицата се ангажирани врз основа на добиена согласност од МФ, при што само за 6 лица добиена е согласност за ангажирање на лица со авторски договори, додека за останатите 71 лице согласноста за обезбедени средства од МФ се однесува на ангажирање на лица со договор на дело и
- 31 лице се ангажирани за реализација на прес активности, медиа мониторинг, фотографирање на настани, монтажа на видеозаписи, графички дизајн, изработка и објавување содржини и информативни видеоматеријали на социјални медиуми и како техничко лице за тон и видео за техниката во Владата, кои активности согласно член 12 став 2 од Законот за авторското право и сродните права се сметаат за авторско дело. За овие лица во текот на 2021 година исплатен е надоместок во износ од 11.321 илјади денари.

За начинот на ангажирање на останатите 46 лица утврдени се следните состојби:

- 27 лица се ангажирани за изработка на разни видови на анализи на информации и податоци за потребите на Генералниот секретаријат и Владата, за кои се исплатени средства во вкупен износ од 7.391 илјади денари,
- 7 лица се ангажирани за превод од македонски на албански јазик и обратно, иако согласно член 16 од Законот за авторското право и сродните права службените текстови од политичка, законодавна, административна и судска природа и нивните службени преводи не се сметаат како авторско дело. За овие лица исплатен е надоместок во износ од 1.883 илјади денари,
- 4 лица се ангажирани за изработка на компјутерска апликација за сервис, одржување и конфигурирање на информатички системи за потребите на Генералниот секретаријат на Владата и 1 лице за кибернетска апликација за администрирање на информатичките технологии со консултации во

Кабинетот на претседателот на Владата, за кои се исплатени средства во вкупен износ од 1.278 илјади денари,
- 2 лица се ангажирани во период од 01.01-01.03.2021 година за изработка на физибилити студија за јавно приватно партнерство и обезбедување техничка помош за спроведување постапка за избор на приватен инвеститор, за кои во 2021 година исплатени се вкупно 540 илјади денари. На ревизијата не и беше доставена на увид изработената физибилити студија, како доказ за извршена работа и
- 5 лица се ангажирани за изработка на дело – стручен труд во Проектот за локална и регионална конкурентност за период од два месеци за кои исплатен е надоместок во износ од 394 илјади денари.

Ваквиот начин на ангажирање на лицата со авторски договори преку агенција за интелектуална сопственост не е во согласност со член 12 од Законот за авторското право и сродните права, согласно кој авторско дело е интелектуална и индивидуална творба од областа на книжевноста, науката и уметноста, изразена на кој било начин и форма, поради што нивните активности не треба да влезат во доменот на „авторски дела" и не подразбираат креирање на авторско дело согласно законската регулатива, што влијае на транспарентноста при нивниот избор.

Истакнуваме дека бројот на ангажирани лица со авторски договори во текот на 2022 година е намален и изнесува 46 лица.

Препорака:
Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности:
- ангажирањето на лица за услуги и работи кои не претставуваат авторски дела да се врши согласно законски предвидениот начин, соодветно на видот на активностите и
- лицата да се ангажираат согласно дадената согласност од МФ.

4.2.3. Со актите за внатрешна организација и систематизација на Генералниот секретаријат систематизирана е Самостојна единица – Сектор за внатрешна ревизија со три одделенија со предвидени 14 работни места, од кои пополнето е само работното место раководител на сектор со решение за овластување[7]. Ваквата состојба не е во согласност со член 31 став 1 алинеа 3 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола согласно кој е предвидено буџетските корисници да основаат единица за внатрешна ревизија со најмалку четири внатрешни ревизори и раководител на единицата за внатрешна ревизија, доколку просечниот буџет/финансиски план на субјектот од јавниот сектор во

[7] Решение за овластување за вршење на работи и работни задачи број 04-2693/1 од 15.06.2017 година

последните три години изнесувал најмалку 2 милијарди денари, вклучително и фондовите и програмите финансирани од Европска Унија.

Наведената кадровска екипираност на секторот за внатрешна ревизија влијае врз бројот на извршени ревизии во текот на годината, обемот на информации кои ги добива раководното лице за работењето согласно законите, подзаконските и интерните акти, за економичноста, ефикасноста и ефективноста на работењето, како и совети и препораки за подобрување на работењето на Генералниот секретаријат.

Истакнуваме дека Генералниот секретаријат во Планот за вработување за 2021, 2022 и 2023 година нема предвидено пополнување на работни места во секторот за внатрешна ревизија преку нови вработувања.

Препорака:

Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за кадровско доекипирање на Секторот за внатрешна ревизија.

4.2.4. Со Одлука на Владата[8] се основа СОЗР и се утврдува нејзината организација и делокруг на работа. Во член 4 од Одлуката утврдени се општите работи и услугите кои ги извршува СОЗР за корисниците[9] на услугите.

Согласно член 5 од Одлуката, корисниците на услугите склучуваат договор со кој ќе се уредат видот, обемот, квалитетот, висината на надоместокот, рокот и начинот за извршување на услугите, како и други прашања од значење за навремено и квалитетно извршување на услугите. Договорот се склучува најдоцна до 30.06. во тековната година за наредната фискална година.

Условите и начинот на користење на работите и услугите што ги извршува СОЗР утврдени во Одлуката за основање на СОЗР се уредени со Уредба[10] донесена од Владата.

Со извршениот увид на документацијата утврдивме дека Владата нема склучено договор за користење на услугите на СОЗР за 2021 година, при што услугите ги користи како воспоставена пракса и тоа, услуги со надомест, за кои преземени се обврски во износ од 9.587 илјади денари и услуги без надомест, за кои евиденцијата е во СОЗР.

---

[8] Одлуката за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ „Службен весник на Република Македонија" број 45/98, 28/99, 61/99, 21/01, 30/01, 21/02, 69/03, 147/07, 139/08, 67/10, 37/11, 136/12, 95/13, 34/14, 38/14, 90/14, 88/15, 45/16 и 188/18

[9] Претседателот, Владата, министерствата и органите во состав, секретаријати и други стручни служби на Владата, претседателот на Собранието, потпретседателите на Собранието, Уставниот суд, Претседателот на кого му престанала функцијата, како и за членовите на семејството на Претседателот на РСМ на кого му престанала функцијата за време на мандатот

[10] Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши Службата за општи и заеднички работи во Владата „Службен весник на Република Македонија" број 22/00, 75/02, 86/02, 09/03, 24/04, 12/07, 05/08, 67/10, 21/11, 95/13 и 167/18

Наведените состојби не се во согласност со член 5 од Одлуката каде е уреден начинот на склучување на договор, што не овозможува потврдување на услугите кои се извршуваат од страна на СОЗР за потребите на Владата.

Истакнуваме дека во текот на ревизијата доставено е барање[11] за склучување на договор за користење на услугите од СОЗР за 2023 година.

**Препорака:**

Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за склучување на договор со СОЗР со определување на видот, обемот, квалитетот, висината на надоместокот, рокот и начинот за извршување на услугите кои ќе се користат во текот на годината.

4.2.5. Согласно член 11 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, органите на државна управа се должни да обезбедат чување и заштита на недвижните ствари, нивно економично и соодветно користење и уредно и навремено извршување на обврските што произлегуваат од користењето на стварите.

Во 2021 година Владата нема преземено активности за осигурување на евидентираниот објект-деловен простор со кој располага, како и на опремата која е во нејзина сопственост, што создава ризик од неможност за покривање на штета во случај на нарушување на безбедноста на истите.

**Препорака:**

Одговорните лица на Владата да преземат активности за осигурување на деловниот простор и целокупната опрема.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Согласно член 5 од Законот за претворање на побарувањата на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Друштво за производство на производи со посебна намена 11 Октомври – Еурокомпозит АД Прилеп, Владата ги презема акциите од новата емисија со претворање на своето побарување во траен влог во друштвото. Претворањето на побарувањето во траен влог во друштвото по основ на придонеси за задолжително социјално осигурување, се пребива со правото на друштвото да побарува уплата на паричниот влог кој државата треба да го уплати за преземените акции, кои се во еднаков износ, а се врши со уплата на износот штодруштвото го должи на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија од страна на Владата. За уплатениот износ Владата го презема побарувањето спрема друштвото и истото го претвора во траен влог, за што добива соодветен

[11] Барање за склучување на договор број 46-2078/1 од 21.02.2023 година

број на акции од новата емисија.

Во текот на 2021 година со Одлуки на Владата[12], одобрени и уплатени се средства во износ од 71.129 илјади денари на Фондот за пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија.

Со увид во документацијата ги утврдивме следните состојби:

- наведените акции не се евидентирани во сметководствената евиденција како други долгорочни вложени и здружени средства (акции, хартии од вредност и други долгорочни побарувања),
- не е обезбеден документ дека извршен е упис на зголемената основна главнина на друштвото во трговскиот регистар и запишувањето на Република Северна Македонија како сопственик на акциите во Централниот депозитар на хартии од вредност, обврска предвидена во член 1 од наведените одлуки и
- согласно доставената тековна состојба на друштвото од Централен регистар на Република Северна Македонија со состојба 06.12.2022 година, Владата е сопственик на 3.836.740 обични акции со номинална вредност на една акција од 5,113 евра односно вкупен непаричен влог од 1.125.660 илјади денари односно околу 20 милиони евра,
- Основниот суд во Прилеп има донесено решение[13] со кое отворена е стечајна постапка спрема акционерското друштво, на ден 30.11.2022 година. Согласно Законот за стечај[14] сите доверители се повикани во рок од 15 дена од денот на објавување на огласот во Службен весник на Република Северна Македонија, да ги пријават своите побарувања кај стечајниот управник.

  Од страна на стечајниот управник бевме информирани дека во тек е изработка на споредбен преглед на вредноста на имотот на друштвото од стечајната маса и вредноста на обврските кои ги има друштвото, по што стечајниот управник ќе донесе предлог план за реорганизација на друштвото, кој Владата како единствениот акционер и во својство на Собрание на друштвото, ќе одлучи да го прифати или друштвото ќе биде затворено, по што ќе следат понатамошни активности поврзани со имотот на друштвото, согласно Законот за стечај.

Наведените состојби укажуваат дека Владата не располага со податоци за сопственоста на Република Северна Македонија во акционерското друштво поради што не можеме да ја потврдиме точноста на податоците и информациите кои ги даваат финансиските извештаи.

[12] Одлука за одобрување на средства од Буџетот на РСМ за 2021 година број 40-13376/1 од 28.12.2021 година и број 40-13703/1 од 30.12.2021 година

[13] Решение број СТ80-21

[14] „Службен весник на Република Македонија“ број 34/06, 84/07, 03/08, 122/09, 47/11, 95/12, 79/13, 29/14, 98/15, 192/15

Препорака:

Одговорните лица на Владата да преземат активности за обезбедување на целосна документација во однос на висината на основната главница во друштвата каде Владата е основач, заради евидентирање на државната сопственост во деловните книги како и заради носење одлуки за понатамошно постапување.

4.3.2. Со извршениот увид во приложената документација и евиденцијата на градежните објекти и земјиште, ги констатиравме следниве состојби:

- согласно имотниот лист градежниот објект и земјиштето под градежниот објект во кој Владата е сместена и ги извршува тековните активности е сопственост на Република Северна Македонија. Земјиштето под објектот не е евидентирано, додека градежниот објект е евидентиран во деловните книги на СОЗР, со сегашна вредност од 2.942.642 илјади денари, а не во евиденцијата на Генералниот Секретаријат, што не е во согласност со член 12 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, каде е уредено дека евидентирањето на трансакциите се врши врз основа на веродостојни документи,
- за градежниот објект не е донесена одлука за негово користење, што не е во согласност со член 18 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост во кој е уреден начинот на давање на користење на недвижните ствари во државна сопственост на државни органи, на правни лица основани од државата, општините, општините во градот Скопје, градот Скопје, здруженија на граѓани и фондации.

Наведените состојби влијаат на реалноста на податоците во финансиските извештаи, како и на потврдување на правото на користење на градежните објекти и земјиштето во кои Владата ги врши своите надлежности.

Препорака:

Одговорните лица на Владата да преземат активности за утврдување и запишување на правото на користење на објектите кои ги користи, земјиштето под објектот и нивно сметководствено евидентирање во деловните книги на Владата.

4.3.3. Во деловните книги на Владата, на ден 31.12.2021 година искажани се градежни објекти со сегашна вредност од 68.043 илјади денари.

Со извршениот увид во расположливата документација и евиденција,

констатиравме дека со Одлука[15] донесена од Владата во 2014 година, Генералниот секретаријат се стекнува со право на користење на деловен простор во Скопје, кој се користи за чување на архивирана документација, кој сметководствено е евидентиран согласно вредностите добиени од СОЗР[16], како претходен носител на право на користење на истиот. Притоа, за евидентираниот деловен простор Владата не располага со имотен лист со запишано право на користење на недвижната ствар, поради непреземени активности за упис во катастарот на недвижности, што не е во согласност со член 137 од Законот за катастар на недвижности, каде е уредено дека со запишувањето во катастарот на недвижности се стекнува правото на сопственост и други стварни права на недвижностите и член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници каде е уредено дека внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи.

Наведената состојба влијае на можноста за потврдување на правото на користење односно сопственост на градежните објекти со кои располага Владата како и на реалното и објективно прикажување на податоците во финансиските извештаи.

Препорака:

Одговорните лица на Владата да преземат активности за обезбедување на имотен лист за недвижностите за кои има стекнато право на користење и нивно сметководствено евидентирање во деловните книги на Генералниот секретаријат.

4.3.4. Со извршениот увид во доставената документација од извршениот попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на ден 31.12.2021 година, констатиравме дека со решение[17] формирана е комисија за попис на средства, побарувањата и обврските, која извршила попис во Владата, со состојба на 31.12.2021 година и изработила Извештај за извршени попис. Извештајот заедно со целокупниот пописен материјал не е усвоен од страна на Генералниот секретар и истиот не е доставен до организациониот облик задолжен за водење на сметководството и деловните книги заради евидентирање на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

Наведените состојби не се во согласност со член 34 и член 35 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници каде е уреден начинот и рокот на усвојување и доставување на извештајот од попис, што оневозможува

[15] Одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на РМ („Службен весник на Република Македонија“ број 202/2014)

[16] Договор за давање на трајно користење на недвижни ствари на Генералниот секретаријат на Владата на РМ број 46-546/2 од 26.02.2015 година

[17] Решение број 45-11945/1 од 30.11.2021 година

да се потврдат податоците во финансиските извештаи.

Истакнуваме дека во Извештајот за извршениот попис со состојба на 31.12.2021 година констатирани се состојби кои имаат влијание врз усогласувањето на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и тоа:

- дел од основните средства се без инвентарни броеви или пак броеви кои не ги препознава апаратот за вршење попис,
- дел од опремата (движни ствари) со одлуки на трајно користење без надомест, Генералниот секретаријат ја има дадено на повеќе општини во државата. Опремата е предадена со склучување на договори со општините и записници за примопредавање на набавената опрема. Поради наведената состојба Комисијата има дадено предлог за отпис на оваа опрема,
- за опремата која се користи од страна на лицата задолжени за комуникации и односи со јавност не е извршен попис и
- дел од ИТ опрема која е нефункционална и застарена и не е во употреба се наоѓа во подрумските простории на Владата, поради не спроведена постапка за третман односно отстранување на електронскиот отпад. Имено, државните органи се должни, движните ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не ги користат, да ги отстранат од своите простории, со спроведување на постапка за избор на правно лице кое врши дејност за собирање или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, по претходно обезбедена одлука за согласност од Владата, на начин предвиден во член 42 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Исто така, во мај 2022 година Генералниот секретар кој ја врши функција од 12.04.2022 година, со Решение[18] формира Комисија за извршување на вонреден попис на средствата, побарувањата и обврските и паричните средства во благајната, со состојба на 23.05.2022 година, со цел надминување на состојбите кои се констатирани со извршениот попис за 2021 година. Пописната комисија го спровела пописот и во 2022 година издаден и усвоен е Извештај[19] за извршен попис. Извештајот заедно со Одлуката[20] за усвојување на вонредниот попис, се доставени до СОЗР за евидентирање и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

**Препорака:**

Одговорните лица на Владата да преземат активности за усвојување на извештајот за попис со состојба на 31.12., негово доставување до

[18] Решение број 49-4758/1 од 20.05.2022 година

[19] Извештај за извршен вонреден попис на средствата и изворите на средства, побарувањата и обврските и паричните средства во благајната, со состојба на 23.05.2022 година број 49-4758/11 од 02.09.2022 година

[20] Одлука за усвојување на Извештајот за извршен вонреден попис на средствата и изворите на средства, побарувањата и обврските и паричните средства во благајната, со состојба на 23.05.2022 година број 49-4758/14 од 21.12.2022 година

организациониот облик задолжен за водењето на сметководството и деловните книги и евидентирање на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

4.3.5. Во деловните книги на Владата на 31.12.2021 година искажана е сегашна вредност на нематеријални средства – софтвери и лиценци во износ од 576.514 илјади денари.

Со извршениот увид во расположливата документација и евиденција за истите, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- евидентирани се софтверски лиценци со сегашна вредност од 559.644 илјади денари, набавени во 2020 и 2021 година согласно склучен договор за повеќегодишна набавка[21], при што:
  - лиценците се набавени и се користат во повеќе институции од јавната администрација, но истите се евидентирани кај Владата, поради не преземени активности за пренос на правото на користење до крајните корисници согласно член 44 и член 45 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост каде е регулиран начинот на давање на движните ствари,
  - лиценците се едногодишни. Во текот на 2021 година продолжена е важноста на лиценците за втората година, по кој основ вредноста на лиценците се зголемува за 296.218 илјади денари, без истата да се намали за износот од претходната година. Во износот е вклучена и вредноста на дополнителни услуги-пакет сервисни часови во износ од 30.667 илјади денари, кои според природата на расходите не претставуваат вложувања во нематеријални средства и не треба да се прикажуваат како капитални расходи, ниту да ја зголемуваат вредноста на нематеријалните средства,
- за сите нематеријалните средства (софтвери и лиценци) на Владата воспоставена е помошна материјална евиденција, надвор од софтверската апликација за капитални средства. Со увид во истата утврдивме дека во минати години евидентирани се повеќе софтвери, со сегашна вредност од 7.121 илјади денари (набавна вредност од 10.017 илјади денари), за кои не добивме целосна документација како доказ дека истите се користат од страна на Владата или се дадени и се користат од страна на други институции, за кои е поведена истражна постапка, (образложено во точка 6.2.).

  Истакнуваме дека во 2022 година, три софтверски апликации се дадени на трајно користење на Управата за јавни приходи, согласно стекнато корисничко право во 2019 година[22].

[21] Договор за набавка на стоки број 4606-4440/12 од 07.08.2020 година

[22] Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за финансии – Управата за јавни приходи „Службен весник на Република Северна Македонија“ број

- преку спроведување на постапка за групна набавка во 2014 година, Владата има набавено софтвер за организирање и полагање на испити во државни институции, чија вредност согласно склучениот договор[23] изнесува 13.340 илјади денари, за кој располага со изворниот код за сопственост. Оваа софтверска апликација се користи од страна на институциите за кои е извршена набавката.

  Врз основа на расположливата документација, евиденција и добиени информации во текот на ревизијата, не бевме во можност да се увериме дали софтверската апликација е евидентирана во Влада или во институциите кои ја користат, поради не доставена документација за пренос на правото на користење.

  За тековно одржување на наведената апликација, Владата спроведува групна набавка по која финансиските обврски ги преземаат одделните институции како крајни корисници на софтверот, по која склучен е договор[24] во износ од 9.298 илјади денари. Истакнуваме дека за постапката за тековно одржување на наведената апликација поведена е истражна постапка, (образложено во точка 6.2.).

Наведените состојби не се во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници каде е уредено дека внесувањето на податоците во деловните книги мора да се заснова врз веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи и влијаат врз реалноста и објективноста на нематеријалните средства искажани во финансиските извештаи на Владата.

Во текот на ревизијата од страна на  Генералниот секретаријат доставено е Барање за доставување документација[25] до институциите кои го користат софтверот за полагање на испити во државни институции, заради обезбедување на податоци за евиденција на истиот.

Препорака:

Одговорните лица на Владата да преземат активности за утврдување на правото на користење на нематеријалните средства од страна на Владата или од страна на институциите корисници, по што истите соодветно да се евидентираат.

4.3.6. Во сметководствената евиденција на Генералниот секретаријат на 31.12.2021 година искажани се материјални средства (опрема, книги и подароци) со сегашна вредност од 74.342 илјади денари.

---

241/2019 и Договор за давање на трајно користење на движни ствари без надомест на Министерството за финансии-Управата за јавни приходи и уредување на правата и обврските за движните ствари број 46-10951/1 од 05.12.2022 година

[23] Договор за набавка на софтвер за полагање на испити во државни институции број 4806-9796/24 од 30.06.2014 година

[24] Број 4606-3939/10 од 11.08.2020 година

[25] Број 45-3119/1 од 23.03.2023 година

Со увид во расположливата документација и сметководствената евиденција, ги констатиравме следните состојби:

- во Извештајот од спроведениот вонреден попис на средствата, побарувањата и обврските со состојба на 26.05.2021 година, од страна на пописната комисија констатирано е дека сметководствено евидентирани се книги согласно Договор склучен меѓу Министерството за култура и Генералниот секретаријат во 2018 година[26], за кои не е изготвен записник за примопредавање, ниту пак истите се предадени во Генералниот секретаријат. Во декември 2021 година извршен е отпис на книгите од сметководствената евиденција со набавна вредност од 275 илјади денари, врз основа на донесена Одлука[27] од Владата;
- во декември 2021 година евидентирана е опрема во износ од 1.984 илјади денари, без поткрепувачка документација од која може да се утврди основот за евидентирање. Добивме образложение од надлежните лица дека евидентираниот износ се однесува на опрема од донациска сметка на Генералниот секретаријат, поради нејзино затварање во 2021 година;
- евидентирани се подароци во износ од 1.264 илјади денари, за кои не е воспоставена евиденција по вид и количина на добиени дарови по години, со потребните податоци согласно одредбите од Уредбата[28] со која е уреден начинот на давање и примање на дарови, користењето, чувањето и евиденцијата. Во доставената Листа на проценети предмети-подароци од Канцеларијата на Претседателот на Владата од 2016 година, утврдена е проценетата вредност во износ од 588 илјади денари.

  Во насока на наведеното, се и препораките од Петтиот круг на евалуација на ГРЕКО за донесување на акт со кој ќе се уреди начинот на прифаќање на дарови од страна на лица кои вршат највисоки извршни функции и нивна евиденција. Со цел исполнување на препораките, донесени се „Насоки за управување со примени дарови и други погодности“, кои се разгледани на сто дваесеттата седница на Владата од 20.12.2022 година, при што дадени се насоки за понатамошно постапување.

Наведените состојби не се во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници каде е уредено дека внесувањето на податоците во деловните книги мора да се заснова врз

[26] Договор за давање на трајно користење на движни ствари (книги) од проектот „Светско книжевно богатство“ број 52-9179/1 од 05.10.2018 година

[27] Одлука за престанување на важење на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на ГС на Владата на РСМ Број 40-11829/1 од 30.11.2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 270/2021)

[28] Уредба за критериумите, начинот на давање и примање на дарови, пријавување на даровите, начинот на процена на даровите, начинот на доплата за личен дар, како и користењето, чување и евиденцијата на стварите што станале државна сопственост по пат на дар „Службен весник на Република Македонија“ број 180/2015

веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи и влијаат на можноста за потврдување на реалноста и објективноста на евидентираните средства во деловните книги на Владата.

Препорака:
Одговорните лица на Владата:
- да преземат активности за внесувањето на податоци во деловните книги да се заснова на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи и
- да продолжат со отпочнатите активности за воспоставување на евиденција за примените подароци.

4.3.7. Во рамки на Буџетот на Владата за 2021 година, предвидени се средства за реализација на повеќе потпрограми во рамки на владините програми Д - Економски развој, С - Унапредување на животната средина и П - Мерки за справување со Ковид-19 кризата.

Со увид во деловните книги на Влада и доставената документација за одделните потпрограми, ги утврдивме следните состојби:

4.3.7.1. Потпрограма Д-8 - Унапредување на локална и регионална конкурентност во областа на туризмот

Проектот за локална и регионална конкурентност е одобрен во 2016 година со склучување на Договор за грант[29] помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој во износ од **15,8 милиони евра**, обезбедени од Инструментот за претпристапна помош II на ЕУ (ИПА II) и за реализација на истиот отворена е посебна сметка за донација. Целта на проектот е поддршка на главните инвестиции во инфраструктурни и не инфраструктурни објекти, зајакнување на придонесот на туризмот во локалниот економски развој и зголемување на атрактивноста на одредени дестинации. Проектот се состои од 4 компоненти, од кои една спроведува Светската Банка, а останатите три Владата односно Кабинетот на заменик претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.
Националното кофинансирање е вклучено во делот на компонента 3 – Инвестиции во инфраструктура поврзана со туризмот и врски на дестинации, за која е одобрен буџет од Проектот во износ од 13,3 милиони евра како и средства за кофинансирање од Владата во износ од 3,2 милиони евра.
Оперативните насоки и постапки што треба да се следат при спроведувањето на компонента 3, како и процесите и постапките за утврдување, подготовка, избор, набавка, управување и мониторинг на спроведувањето на потпроектите во

[29] Договор за грант број TF0A1779 од 14 јануари 2016 година

рамките на наведената компонента, се утврдени во Прирачник за грантови, врз основа на кој Единицата за спроведување на проектот ги спроведува активностите на проектите, која е одговорна и за спроведување на постапката за прием, обработка, контрола и одобрување на документацијата за исплата.
Во периодот од 2019 до 2021 година преку потпрограмата Д8 исплатени се средства во вкупен износ од 183.681 илјади денари (околу 3 милиони евра) и истите по години се прикажани во следниот графикон:

во 000 денари




Исплатените средства во 2021 година се средства за национално кофинансирање на Проект во вкупен износ од 58.555 илјади денари, евидентирани се како Капитални расходи и истите се наменети за финансирање на проекти одобрени во рамки на Проектот.

Со увид во деловните книги и расположливата документација за исплатените средства во 2021 година, ревизијата ги утврди следните состојби:

- Владата врши исплати по финансиска документација контролирана и доставена од страна Единицата, која не секогаш е потврдена со потпис како доказ за извршена контрола од истата. За проектите кои се дел од националното кофинансирање исплатата кон добавувачите се врши од буџетот на Владата, а градежните активности и приемот на опремата се вршат директно кај крајните корисници,
- Владата нема уредено и воспоставено начин на комуникација со крајните корисници во однос на тек на активностите и документацијата за реализација на потпрограмата односно не е уреден начинот на известување за реализираните активности, ефектите од истите, како и приемот, евиденцијата и преносот на правото на користење на средствата. Ваквата состојба влијае на не унифициран пристап при евидентирање на средствата и не обезбедување конзистентност во финансиските извештаи.

  Воспоставена е пракса набавките на опрема да се евидентираат како материјални средства кај Генералниот секретаријат до моментот на

доделувањето на корисничкото право на општините, додека средствата за набавки на градежни активности се евидентираат само како капитални расходи во Генералниот секретаријат и
- извршена е исплата на средства во вкупен износ од 10.016 илјади денари за активности во рамки на проекти кои се финансираат преку потпрограма Д8, врз основа на фактури без приложена поткрепувачка документација-времена ситуација, испратница и записник за прием (Прилог 1).

Наведените состојби оневозможуваат Владата да има целосни информации за искористеноста на средствата за намената за која е планирана програмата како и податоци дали градежните објекти и опремата се целосно евидентирани како државен имот кај крајните корисници.

**Препорака:**
Одговорните лица на Владата при реализација на програмата, да преземат активности за уредување на текот на активностите за реализација на владините програми, начинот на комуникација со крајните корисници во однос на известување за реализираните активности, нивната евиденција и пренос на правото користење.

### 4.3.7.2. Потпрограма С4 - Програма за намалување на аерозагадувањето

Во функција на остварување на стратешкиот приоритет на Владата за заштита на животната средина, зелен развој, намалување на аерозагадувањето и влијанието на климатските промени[30], во член 20 од Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година[31], уредено е дека средствата за Потпрограма С4 се утврдени во разделот на Владата. Средствата се користат по претходно донесена програма од Владата, на предлог на Генералниот секретаријат.

Програмата за намалување на аерозагадувањето за 2021 година[32] е донесена во февруари 2021 во износ од 80.000 илјади денари. Во програмата е дефинирана конкретната намена на средствата како и начинот на реализација на активностите на Генералниот секретаријат, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Во декември 2021 година, поради неискористеност на 70% од овие средства истите се прераспределени за други буџетски намени[33] и кај други буџетски

[30] Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ во 2021 година „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 243/20
[31] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 307/20
[32] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број36/21
[33] Одлука за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 273/21)

корисници, со што реализираниот буџет на Програмата за намалување на аерозагадувањето изнесува 19.913 илјади денари.
Нискиот процент на реализација на програмата за намалување на аерозагадувањето се должи на недоволен број на поднесени апликации за искажување интерес од страна на општините, иако во текот на 2021 година од страна на Генералниот секретаријат објавени се три јавни повици.

Со увид во регулативата, деловните книги и расположливата документација за исплатените средства во 2021 година во износ од 19.913 илјади денари, ги утврдивме следните состојби:

- за реализација на активностите Генералниот секретар на Владата формира повеќечлена комисија со претставници од повеќе институции, а критериумите и бодовите за избор на проекти ги утврдува во јавните повици. Во програмата не се утврдени критериуми за распределба на средствата, ниту пак е уредено формирањето на комисија за селекција на проектите, со дефиниран состав, број и потребни квалификации на членовите на истата, што создава можност од субјективна проценка при реализација на програмите и јавните повици,
- Генералниот секретаријат нема уредено и воспоставено начин на комуникација со крајните корисници во однос на тек на активностите и документацијата за реализација на потпрограмата односно не е уреден начинот на известување за реализираните активности, ефектите од истите, како и приемот, евиденцијата и преносот на правото на користење на средствата. Ваквата состојба влијае на не унифициран пристап при евидентирање на средствата и не обезбедување конзистентност во финансиските извештаи. Воспоставена е пракса за евидентирање на набавките делумно како материјални средства на Генералниот секретаријат (за набавки на опрема) до моментот на добивање на одлука од Владата за пренос на корисничкото право на крајните корисници, а делумно само како капитални расходи (за набавки на градежни активности).

  Истакнуваме дека во 2021 година, од вкупно евидентираните капитални расходи од потпрограма С4 во износ од 19.913 илјади денари, како материјални средства во деловните книги на Генералниот секретаријат евидентиран е износ од 2.023 илјади денари односно 10% од исплатените капиталните расходи и
- извршена е исплата на средства во вкупен износ од 5.933 илјади денари за активности во рамки на проекти кои се финансираат преку потпрограма С4, врз основа на фактури/градежни ситуации без приложена поткрепувачка документација-градежна книга, градежен дневник, испратница, работен налог, записник за завршена работа, писмен налог за воведување во работа (Прилог 2).

Горенаведените состојби не се во согласност со член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и влијаат врз реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Генералниот секретаријат, како и квалитетот на информациите кои ги нудат истите.

Препорака:
Одговорните лица на Владата при реализација на програмата, да преземат активности за:

- акт за уредување на постапката за избор на комисија за селекција на проекти, како и за начинот на избор на проекти кои се финансираат со средства предвидени во владините програми и
- уредување на текот на активностите за реализација на владините програми, начинот на комуникација со крајните корисници во однос на известување за реализираните активности, нивната евиденција и пренос на правото користење.

### 4.3.7.3. Потпрограма П1 – Мерки за справување со КОВИД - 19 кризата

За олеснување на последиците од кризата предизвикана од Ковид-19, во текот на 2021 година, во рамки на Владината потпрограма П1 – Мерки за справување со КОВИД-19 кризата која во буџетот на државата е планирана на вкупен износ од 16.981.130 илјади денари, преку разделот на Владата реализирани се средства во износ 9.742.533 илјади денари, со кои се опфатени и поддржани деловните субјекти и граѓаните за заштита на ликвидноста на стопанството, заштита на работните места, водење грижа за ранливите категории на население, со цел да се обезбеди одржливост на домашната економија.
Врз основа на Одлуки на Владата, преку оваа програма, исплатени се средства во вкупен износ од 6.097.000 илјади денари по повеќе основи: обезбедување на дополнителни количини на електрична енергија за справување со кризната состојба во снабдување со електрична енергија, за регулирање на стари и заостанати долгови на две комунални претпријатија кон АД Водостопанство на Република Северна Македонија и за регулирање на даночни обврски, реализација на Проект за изготвување на Електронски Картички (М-Смарт Кард) за патнички моторни возила на туристи од Република Србија кои би транзитирале на Коридор 10 за време на летната сезона, помош за исплата на плати и друга финансиска поддршка (Прилог 3).

Од извршениот увид на одлуките и документацијата во врска со исплатите на средствата преку оваа програма, ревизијата ги констатира следните состојби:

- Владата нема овластено лице кое ќе биде задолжено за следење на реализацијата на доделените средства,

- во Одлуките предвидени се одредби согласно кои примателите на средствата до Владата треба да достават извештај на реализирани активности. Од вкупно 16 приматели на средства, извештај до Владата имаат доставено само пет приматели за износ од 4.097.000 илјади денари, што претставува 67 % од вкупно исплатените средства, поради што ревизијата не може да ја потврди наменската и законската искористеност на исплатените средства за кои не се доставени извештаи.

  Во текот на ревизијата со Заклучок на Владата[34] примателите на средствата се задолжени да достават извештај за искористеност на доделените средствата,
- финансиските средства се доделени без утврдени критериуми во однос на избор на институции кои ќе бидат приматели на средствата и во однос на износот на одобрените неповратни финансиски средства,
- основот за доделување на средствата од П1 Програма кај дел од одлуките не соодветствува со основната цел на финансиска поддршка во услови на пандемија, имајќи предвид дека воведувањето на П1 Програма во Буџетот на Република Северна Македонија е со цел обезбедување на средства за поддршка на стопанството, задржување на работни места, одржување на социјална стабилност и помош на граѓаните погодени од кризата. Во дел од одлуките за одобрување на средства предвидени се средства во вкупен износ од 1.348.000 илјади денари како капитални расходи -вложувања и нефинансиски средства, но истите се исплатени на три акционерски друштва и тоа за обезбедување на дополнителни количини на електрична енергија, за регулирање на стари и заостанати долгови и за исплати на плати.

  На ревизијата не и беше доставена документација дека друштвата имаат извршено докапитализација односно зголемување на вложувањата за износот на исплатените средства од страна на Владата и
- во Одлуките не се предвидени одредби за контрола во институциите приматели на средствата на намените за кои се искористени средствата.

Ваквиот начин на распределба на средствата без критериуми за износот на одобрените средства по одделни институции, не доставени извештаи за искористеност на средствата, непредвидени контроли, како и несоодветно планирање на видот на расходите, создава нееднаков третман помеѓу институциите, ризик од користење на финансиската поддршка за други намени, што не е во согласност со целите на Владината потпрограма П1 – Мерки за справување со КОВИД-19 кризата и влијае врз реалноста и објективноста на податоците искажани во финансиските извештаи.

[34] Извадок од Нацрт-записникот од 129-та седница на Владата, број 41-2007/1 одржана на 15.02.2023 година

Буџетот на Владата на РСМ за период од 2018 до 2022 година и учеството на П1 програмата Мерки за справување со КОВИД-19 кризата е прикажан во следната табела:

во 000 денари




Со извршената анализа на Буџетот на Владата на РСМ за период од 2018 до 2022 година, констатиравме дека буџетот во 2021 година во однос на 2018 година е зголемен за 5 пати, како резултат на воведувањето на П1 програмата Мерки за справување со КОВИД-19 кризата. Учеството на оваа програма во вкупната реализација на буџетот на Владата е над 75% од вкупните реализирани средства.

Истакнуваме дека и во Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година предвидена е Владина програма П 1 - Мерки за справување со КОВИД-19 кризата и други антикризни мерки во вкупен износ од 11.532.610 илјади денари од кои во разделот на Владата планирани се 81% односно износ од 9.326.169 илјади денари, во рамките на која се опфатени мерките кои ги презема Владата за справување со последиците од здравствената пандемија, заштитата на јавното здравје и поддршката на заздравувањето и на повторниот раст на економијата, како и за други кризи.

Ревизијата смета дека, имајќи го предвид обемот на надлежностите, големината на буџетот, организациона структура, кадровската екипираност на Владата и обврската за континуиран мониторинг и контрола над законското користење на доделените средства за справување со кризата и други антикризни мерки, поставеноста на внатрешните контроли, потребно е да се преиспита ваквиот

начин на „буџетирање“ односно планирање и реализацијата на овие средства во најголем дел преку разделот на Влада, со алоцирање на овие средства во буџетите на одделните институции согласно законските надлежности кои ги врши секоја одделно (образложено и во точка 6.4.).

Препорака:
Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за:
- овластување на лице во Владата кое ќе ја следи реализацијата на доделените средства,
- обезбедување извештаи за искористеност на доделените средства од примателите на средствата,
- распределба на средствата од програмите со утврдени критериуми за избор на институциите кои ќе бидат поддржани, заради транспарентен избор и еднаков третман на сите институции, како и критериуми за висината на средствата кои ќе се доделат на секоја институција,
- вршење на контроли кај субјектите приматели на средства за користењето на средствата согласно законските и договорните одредби, како и на евидентирањето на исплатените средства согласно планираната намена на истите.

## 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

Извршивме ревизија на начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки.
Од склучените договори во 2021 година во износ од 165.259 илјади денари, опфативме износ од 116.331 илјади денари, што претставува 70% од склучените договори.
Од склучените договори во минати години во износ од 1.047.547 илјади денари, а кои имаат реализација во 2021 година опфативме износ од 952.714 илјади денари, што претставува 91% од склучените договори.
Со извршената ревизија на спроведените постапки и нивната реализација, ги утврдивме следните состојби:

4.4.1. Во јуни 2019 година од страна на Владата дадено е одобрение на Генералниот секретар за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка на софтверски лиценци во износ од 900.000 илјади денари, со утврдена динамика за плаќање во период од 2019-2022 година[35]. Во декември 2019 година извршена е промена на динамиката за преземање и плаќање на обврските за период од 2020-2022 година[36]. Генералниот секретаријат во мај

[35] Записник од 138-ма седница на Владата на РСМ од 03.06.2019 година
[36] Записник од 171 седница на Владата на РСМ од 18.12.2019 година

2020 година отпочнува постапка за јавна набавка (по претходно поништена), за набавка на софтверски лиценци[37] за потребите на јавната администрација во државните и образовни органи и институции, во насока на модернизација, оптимизација и зголемување на ефикасноста на јавната администрација, по која склучен е Договор[38] во износ од 952.714 илјади денари со ДДВ за период од три години, од кој во 2021 година исплатени се средства во износ од 296.218 илјади денари. Со ревизијата ги утврдивме следните состојби:

- во член 39 од Законот за јавните набавки, уредено е дека договорниот орган ја проценува вредноста на договорот за јавна набавка со пресметување на вкупниот износ за негова реализација, без вклучен ДДВ, земајќи ги предвид пазарните услови, секоја опција и секое евентуално продолжување или зголемување на вредноста на договорот, доколку тие можат да се предвидат во моментот на вршење на проценката. Притоа, доколку договорниот орган има одделни организациски единици, проценетата вредност се пресметува со собирање на проценета вредност на договорите на сите поединечни организациски единици. Имајќи предвид дека набавката на софтверски лиценци се врши за повеќе државни институции, проценетата вредност на истата треба да се пресмета врз основа на потребите на одделните институции, а согласно обезбедените финансиски средства.

  На ревизијата не и беше доставена документација од спроведена анализа на реалните потреби кај одделните институции во однос на количината и видот на софтверски лиценци, од причина што Генералниот секретаријат не обезбеди контакт со лицата кои биле ангажирани за планирање на постапката, а во периодот на спроведување на ревизијата истите не се во работен однос. Дополнително, во Извештајот за имплементирани Microsoft лиценци и сервиси за првата година од договорот, доставен од носителот на набавката, наведено е дека една институција има добиено дополнителни лиценци, врз основа на повратна информација од институциите кои се изјасниле дека со извршената првична распределба на лиценци имаат добиено повеќе количини од реално потребните. Слабостите во планирањето на набавките може да влијаат врз количината на набавените лиценци, согласно реалните потреби на институциите, како и врз нивната искористеност од страна на институциите,
- во тендерската документација, во рамки на предметот на набавка предвидени се и дополнителни услуги, кои треба да ги извршува носителот на набавката по барање на договорниот орган, а се однесуваат на обезбедување инсталација, имплементација, обука и дополнителна поддршка за бараните Microsoft лиценци и сервиси. Притоа, утврдени се минимални количини на дополнителните услуги од најмалку 4.000 часови годишно, за кои на ревизијата не и беше доставена документација, ниту

[37] Одлука за набавка на стоки-софтверски лиценци број 4606-4440/1 од 22.05.2020 година
[38] Договор за набавка на стоки број 4606-4440/12 од 07.08.2020 година

информација на кој начин истите се планирани и дефинирани како минимално барана количина. Истакнуваме дека во предметот на набавка е вклучен и дел кој опфаќа Microsoft сервиси-пакет сервисни часови и сервисен договор, што дополнително наметнува потреба од детално образложение на потребата од набавка на дополнителни услуги со минимален број на часови за пакет сервисни часови,

- договорот за набавка не содржи одредба со дефинирани обврски на носителот на набавката за доставување пропратна документација за извршени дополнителни услуги-пакет сервисни часови, како доказ дека истите се реализирани и тоа: барања за пријавени проблеми, време на одзив и решавање на проблемот, сервисен налог/извештај за извршени активности, одобрени сервисни налози за извршени интервенции кај одделните институциите и слично. Поради наведеното, од страна на носителот на набавка доставени се извештаи, согласно кои во првата и втората година од договорот, заклучно со септември 2022 година, реализирани се дополнителни услуги за 8.000 часови кај 10 институции, со податоци за вкупниот број на работни часови и видот на услугите, но без поткрепувачка документација. Имајќи предвид дека цената на работен час на овие дополнителни услуги изнесува 90 долари без ДДВ (5.681,00 денари со ДДВ), преземени се обврски за износ од 45.448 илјади денари и
- во текот на 2021 година исплатени се средства за 1.762 работни часови дополнителни услуги, во вкупен износ од 10.058 илјади денари, а за истите се доставени само записници потпишани од институциите-корисници на услугите и вршителот на услугите, како потврда за извршените услуги, но без поткрепувачка документација од причина што согласно договорот носителот на набавката нема обврска за доставување пропратна документација. За овие дополнителни услуги во фактурата пресметан е 18% на ДДВ, иако во понудата истиот е 5%, поради техничка грешка.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за јавните набавки и го отежнуваат следењето на реализација на договорот од аспект на тоа дали фактурираните услуги соодветствуваат со реално извршените активности.

Истакнуваме дека во планот за јавни набавки за 2023 година предвидена е постапка за набавка на софтверски лиценци за потребите на јавната администрација во државните и образовните органи и институции, за која отпочнати се активности за утврдување на потребите на секоја институција одделно во однос на количината и видот на софтверски лиценци.

**Препорака:**

Одговорните лица на Владата:

- да продолжат со отпочнатите активности за планирање на предвидената постапка за набавка на софтверски лиценци со ист предмет на набавка за нареден период и
- да преземат активности за уредување на договорот за набавка на начин кој ќе овозможи целосно следење на реализацијата на активностите.

4.4.2. Во четири постапки за јавни набавки назначени се надворешни стручни лица, кои согласно соодветно искуство и експертските знаења се ангажираат со цел да помогнат на комисиите за јавни набавки при оценувањето на квалитетот на понудувачите во постапките, за што изработуваат извештај за евалуација, како составен дел на документацијата за избор на најповолен понудувач, без право на одлучување. Ангажирањето се врши со Одлука донесена од страна на генералниот секретаријат, без постапка за јавна набавка на експертски услуги и истите не добиваат надоместок за извршените услуги. Имено, во член 77 од Законот за јавните набавки е уредено дека во Одлука за јавна набавка се утврдува предметот на набавката, износот и изворот на средствата потребни за реализација на договорот, начинот и постапката за јавна набавка, составот на комисијата, како и ангажирање на надворешни стручни лица, доколку е потребно.

Наведените состојби упатуваат дека ангажирањето на надворешни стручни лица без спроведена постапка за јавна набавка не овозможува примена на начелото на конкуренција помеѓу економските оператори, имајќи предвид дека набавките на стоки, услуги и работи се вршат заради успешна реализација на целите на работењето на субјектите, на начин што ќе обезбеди најсоодветен квалитет на предметот на набавка во однос на неговата примена.

**Препорака:**

Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за ангажирање на надворешни стручни лица со спроведување на постапка согласно постојната законска регулатива.

4.4.3. Владата на седница одржана во април 2021 година, донела заклучок согласно кој Владата треба да обезбеди стручно мислење од консултантска куќа со искуство во изработка на физибилити студии, за можностите за приватизација/ продажба односно реструктурирање и рехабилитација на две акционерски друштва во државна сопственост.

За таа цел Генералниот секретар на Владата бил задолжен да ги преземе сите потребни активности за спроведување на постапка за ангажирање на консултантска куќа која ќе предложи модел за реструктурирање на акционерските друштва, како и ќе обезбеди техничка и стручна поддршка за

акционерските друштва во постапката до конечно завршување на процесот, согласно моделот потврден од страна на Владата.

Генералниот секретаријат склучил два договора во вкупен износ од 1,6 милиони евра и тоа:

- Договор број 1151/1 од 04.05.2021 година, за спроведување на длабинско снимање на работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија" во државна сопственост – Скопје и изготвување на физибилити студија, проценка на вредноста на системот на акционерското друштво, со идејно решение на системот за контрола, во вкупна вредност од 795.000 евра во денарска противвредност спрема продажниот курс на деловната банка на изведувачот на денот на плаќањето, зголемен за ДДВ и
- Договор за консултантски услуги за поддршка на Владата во процесот на потенцијална приватизација на „Железници на Република Северна Македонија Транспорт", А.Д. Скопје, број 11-6821/1 од 23.06.2021 година во вкупна вредност од 772.400 евра во денарска противвредност според официјалниот курс на НБРСМ на денот на фактурирањето, без вклучен ДДВ.

Од извршениот увид во приложената документација, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- одговорното лице на Генералниот секретаријат ги склучил договорите без да спроведе постапка за набавка согласно Законот за јавните набавки,
- во текот на 2021 година по двата договори исплатени се средства во вкупен износ од 81.684 илјади денари односно 1,3 милиони евра,
- прилог кон доставените фактури се извештаите за реализирани активности, во кои е наведено дека изработени се анализи, физибилити студија, прирачници, стратегија, систематизација и други документи, како потврда за исполнувањето на обврските од договорите, од кои на ревизијата се доставени:
    - „Студија за состојба и деловен развој„ за Пошта на Северна Македонија, од ноември 2021 година и
    - „Анализа на состојбата на Железници и насоки за подобрување" и „Проект железници-Извештај за подготвена правна длабинска анализа и Анализа и препораки за правна рамка„ од март 2022 година,
- добивме образложение дека во тек се активности за исполнување на целта за која се склучени договорите, во насока на донесување одлуки за приватизација/ продажба односно реструктурирање и рехабилитација на овие претпријатија,
- за наведените договори поведена е истражна постапка (образложено во точка 6.2.).

Наведените состојби упатуваат дека набавките на услуги без спроведена постапка за јавна набавка не овозможува примена на начелото на транспарентност и конкуренција помеѓу економските оператори, што создава ризик од обезбедување на најсоодветен квалитет на предметот на набавка.

Препорака:
Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности обезбедувањето на консултантските услуги да се врши со спроведување на постапка согласно постојната законска регулатива.

4.4.4. Генералниот секретаријат во 2021 година има склучено два договори за користење на правни услуги во вкупен износ од **850.000 евра** , и тоа:

- *Договор за правни услуги*[39] за изработка длабинска правна анализа на законската регулатива и целокупната документација во врска со оправданоста на можно инвестиционо вложување во странство во износ од 350.000 евра (образложено во точка 4.4.4.1.) и
- *Договор за правен ангажман*[40] за користење на правни услуги во врска со развивање на Проект за доделување на концесија за користење на вода со основање на компанија за заедничко вложување во кое ќе учествува Владата и приватен инвеститор, во износ од 500.000 евра. Истакнуваме дека предвиден е и надоместок на успех од 1.000.000 евра кој ќе треба да го исплати успешниот понудувач на Проектот на адвокатското друштво (образложено во точка 4.4.4.2.).

Од извршениот увид на документацијата на овие договори, ревизијата констатира дека истите се склучени без да се спроведе постапка за набавка и покрај тоа што правните услуги согласно член 23 од Законот за јавните набавки не преставуваат исклучоци за кои одредбите на овој закон не се применуваат. Правните услуги подлежат на постапка дефинирана во член 121 став 2 од наведениот закон, согласно кој при набавка на овие посебни услуги договорниот орган треба да ги применува начелата на јавните набавки во однос на транспарентност, определување на предметот на набавка и техничките спецификации. Ваквиот начин на набавка на правни услуги создава намалена транспарентност и не овозможува конкуренција при набавките на услуги.
Добивме образложение од страна на надлежните лица дека договорите за правни ангажмани Владата ги спровела согласно член 23 став 1, точка 3 од наведениот закон каде е уредено дека одредбите од законот не се применуваат на јавни набавки на други правни услуги кои се поврзани со вршење службени овластувања.

[39] Договор за правни услуги број 11-2326/1 од 16.02.2021 година
[40] Договор за правен ангажман број 11-6858/1 од 24.06.2021 година

#### 4.4.4.1. *Договор за правни услуги за изработка длабинска правна анализа на законската регулатива и целокупната документација во врска со оправданоста на можно инвестиционо вложување во странство*

Владата на четириесет и четвртата седница одржана на 09.02.2021 година го задолжува генералниот секретар на Владата да го потпише договор со консултантска куќа, како најповолна понуда за ангажман за правен консултант заради склучување на договор за проект за изградба на терминал за течен природен гас и за Проектот за изградба на комбинирана когенеративна гасна електрана за производство на електрична енергија.

Во наведениот договор во точка 4 утврден е надоместок во износ од **350.000 евра** во денарска противвредност според официјалниот курс на НБРСМ на денот на фактурирањето (без вклучен ДДВ) и начин на исплата на надоместокот и тоа:

- прв дел од 20% од договорениот износ во рок од 15 дена од потпишувањето на договорот, по издадена фактура од страна на давателот на услугите,
- втор дел од 40% од договорениот износ во рок од 15 дена од доставувањето на првите нацрт извештаи предвидени во точките 1.1.1. и 1.1.7. договорот, по издадена фактура од страна на давателот на услугите и
- трет дел од 40% од договорениот износ во рок од 15 дена од потпишувањето на првиот обврзувачки договор за стекнување на предметните удели кај Целите на инвестицијата или откажување од инвестицијата од страна на Владата.

Од извршениот увид на приложената документација во врска со извршените исплати ревизијата констатира дека во 2021 година исплатен е целокупниот надоместокот предвиден во договорот во вкупен износ од 25.422 илјади денари, преку три фактури согласно процентите утврдени во договорот, и тоа:

- исплатени се средствата од првиот дел во износ од 5.096 илјади денари по издадена фактура од страна на давателот на услугите,
- извршена е исплата на средствата од вториот дел во износ од 10.163 илјади денари по доставени нацрт извештаите предвидени во точките 1.1.1. и 1.1.7. договорот на англиски јазик, што не е во согласност со член 5 од Законот за употреба на македонскиот јазик[41] согласно кој македонскиот јазик како службен јазик во Република Северна Македонија, се употребува и во органите на државната управа и
- извршена е исплата на средствата од третиот дел во износ од 10.163 илјади денари во текот на 2021 година, иако првиот обврзувачки договор[42] за стекнување на предметните удели кај Целите на инвестицијата е склучен во март 2022 година.

[41] Закон за употребата на македонскиот јазик „Службен весник на Република Македонија“ бр.5/98, 63/99, 89/08, 116/10, 187/13, 152/15, 192/15 и 193/17

[42] Договор број 08-1622/1 од 14.03.2022 година

#### 4.4.4.2. *Договор за правен ангажман за користење на правни услуги во врска со развивање на Проект за доделување на концесија за користење на вода со основање на компанија за заедничко вложување во кое ќе учествува Владата и приватен инвеститор*

Владата во минати години има отпочнато активности за ангажирање на правен советник за целите на постапката за доделување на концесија со користење на вода и договор за заедничко вложување со потенцијален приватен партнер во проектот Чебрен.
Имено, Владата на дваесет и шестата седница одржана на 07.12.2020 година го задолжува АД „ЕСМ" – Скопје, поради специфичноста на проектот, во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата да започне конкурентна постапка со преговарање согласно Законот за јавните набавки, со цел избор на трансакциски советник во тендерската постапка за изградба на ХЕЦ „Чебрен".
На четириесет и петата седница одржана на 16.02.2021 година Владата го поништува наведениот заклучок и го задолжува генералниот секретар на Владата да обезбеди правни услуги преку ангажирање на правен советник за наведената постапка. Од страна на Генералниот секретаријат по електронска пошта се доставени покани до повеќе меѓународни адвокатски друштва за доставување на понуди врз основа на кои извршен е избор на правен советник за постапката. На седумдесет и седмата седница одржана на 08.06.2021 година Владата го одобрува изборот на понудата и го задолжува генералниот секретар да потпише договор за ангажирање на адвокатско друштво за правни услуги.

Во наведениот договор во точка 1 - Опсег на работа како Прилог 1 кон овој договор, дефинирани се активностите што ќе ги изврши ангажираното адвокатско друштво, како и документацијата која ќе треба да ја изработи во врска со проектот.
Во точка 3 од договорот предвидена е исплата на фиксни надоместоци во вкупен износ од 500.000 евра за сите предвидени активности, кои треба да се исплаќаат во 4 фази, по завршување на активностите од секоја од нив. Исто така предвиден е и надоместок на успех од 1.000.000 евра кој ќе треба да го исплати успешниот понудувач на Проектот на адвокатското друштво. Доколку Владата се повлече од Проектот или одлучи да не го финализира процесот со успешниот понудувач, тогаш износот еднаков на 50% од надоместокот за успех треба да го плати Владата на ангажираното адвокатско друштво, што може да има идни финансиски импликации врз буџетот на државата.

Со увид во документацијата констатиравме дека во текот на 2021 година извршена е авансна уплата во рок од 30 дена од потпишувањето на договорот во износ од 6.749 илјади денари.

Истакнуваме дека Владата во декември 2021 година ја има усвоено Информацијата[43] со која ја има одобрено тендерската документација за втора фаза во постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна река.
Во текот на 2022 година, согласно активностите предвидени во „Опсег на работа“, доставени се и платени две фактури во вкупен износ од 20.280 илјади денари, и тоа за Фаза 1 во износ од 163.800 евра и фактура за фаза 2 во износ од 163.800 евра.
Добивме образложение дека следењето на реализацијата на предвидените активности од договорот за правни услуги во постапка за доделување на концесија, се следат од страна на Комисија за спроведување на постапка, формирана од Владата, како надлежно тело за спроведување на тендерот за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река.

Препорака:
Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности обезбедувањето на правни услуги да се врши со спроведување на постапка согласно постојната законска регулатива.

Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди кој е основ за изразување мислење, кои се однесуваат на евиденција на недвижниот имот, материјалните и нематеријалните средства, пописот на средствата и обврските, начинот на реализација на дел од владините програми како и начинот на набавка на стоки и услуги. Ние не добивме достатни и соодветни ревизорски докази, поради што не сме во можност да изразиме мислење.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точката 4.3., ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизија. Следствено ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Владата на Република Северна Македонија на сметката на основен буџет кои се предмет на ревизија.

[43] Извадок од Нацрт-записникот од 131 седница на Владата, број 40-13737/1 одржана на 30.12.2021 година

Мислење за усогласеност со закони и прописи

Поради ограничувањето на делокругот објаснет во точката 4.2. и 4.4., ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Владата на Република Северна Македонија на сметката на основен буџет, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Обрнуваме внимание на постоење на неизвесност во однос на исходот од судски постапки кои се во тек, во кои Владата е тужител или тужена страна, чиј исход може да има влијание на финансиските извештаи на Владата во идниот период и тоа:
- Владата е тужител во 16 судски спорови, во вкупен износ од 1.031.055 илјади денари, кои потекнуваат од 2017 до 2022 година и
- тужена страна во 99 судски спорови, во вкупен износ од 1.345.660 илјади денари, кои потекнуваат од 2017 до 2022 година.

6.2. Во текот на 2022 година започнати се две истражни постапки пред Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и нашето мислење не е квалификувано во однос на нивниот исход, и тоа:
- договори за стручно мислење од консултантска куќа со искуство во изработка на физибилити студии за можностите за приватизација/ продажба односно реструктурирање и рехабилитација на две акционерски друштва во државна сопственост, во вкупна вредност од 96.709 илјади денари (образложено во точка 4.4.3.) и
- софтвери набавени во 2019 и 2020 година, во износ од 10.017 илјади денари (образложено во точка 4.3.5.), како и за постапката за тековно одржување на софтвер во износ од 9.298 илјади денари, (образложено во точка 4.3.5.).

Владата преку Државното правобранителство на Република Северна Македонија, во истражната постапка има предјавено оштетно побарување врз основа на наодите и мислењата од направените судски вештачења. Државното правобранителство на Република Северна Македонија понатаму ги презема сите процесни дејствија што му стојат на располагање, со цел правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија во конкретниот предмет.

6.3. Генералниот секретаријат во 2021 година има исплатено средства за ангажирање на адвокатски друштва за застапување во арбитражни постапки во странство, во вкупен износ од 235.072 илјади денари односно 3,8 милиони евра.

Од извршениот увид во документацијата за извршените исплати за адвокатски услуги и постапката за избор на адвокатските друштва за застапување, ревизијата ги констатира следниве состојби:

- Владата во 2017 година со Одлука[44] формирала Координативно тело за следење на арбитражни постапки кои произлегуваат од склучените односно ратификуваните меѓународни договори на Република Северна Македонија. Членови на телото се министерот за економија, министерот за финансии и државниот правобранител на Република Северна Македонија, а од јуни 2021 година и министерот за правда. Со телото претседава Заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции. Координативното тело има за задача да обезбеди координативен пристап во врска со прашањата за следење на активностите поврзани со решавање на спорови кои се водат или ќе се водат пред договорени меѓународни арбитражи,
- согласно член 23 од Законот за јавни набавки ангажирањето на даватели на адвокатски услуги – адвокати во постапка на арбитража во друга држава или пред меѓународна инстанца за арбитража е изземено од правилата на постапките за јавни набавки. Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот на ангажирање на адвокатски друштва за застапување во арбитражните постапки, Координативното тело спроведува постапка на изборот на адвокатските друштва како воспоставена пракса со воспоставени критериуми за избор.

  Имено, при изборот на адвокатско друштво се земаат во предвид рангирањата на адвокатските куќи на меѓународните ранг листи[45] и до потенцијалните адвокатски куќи се доставуваат барања на понуди за цената на чинење на адвокатските услуги во конкретниот предмет. Доставените понуди се предмет на анализа од страна на членовите на Координативното тело, кои прават предлог за избор, кој се доставува до Владата, која прави конечен избор на адвокатско друштво со кое се склучува договор за ангажирање и му се дава полномошно за застапување.
- во период од 2018 до 2022 година во тек се пет арбитражни постапки против Република Северна Македонија, за кои исплатени се средства за адвокатски услуги во вкупен износ од 959.917 илјади денари односно 15,6 милиони евра, прикажани на следниот Графикон:

[44] Број 44-8454/1 од 19.12.2017 година
[45] Глобален преглед за арбитражи„ (Global Arbitration Review)

во 000 денари




Координативното тело направило анализа на приближно очекуваната вкупна вредност на споровите кои се водат против Република Северна Македонија доколку се изгуби спорот и утврдило дека заклучно со ноември 2022 година вкупен износ на средства што потенцијално би требало да се платат се во износ од 82.267.500 илјади денари (945 милиони евра и 420 милиони долари), од кои основната вредност на споровите е во вкупен износ од 51.543.443 илјади денари (575 милиони евра и 282 милиони долари), додека вкупните трошоци и тоа трошоците за камата, адвокатските трошоци и други трошоци, изнесуваат околу 30.724.056 илјади денари (370 милиони евра и 138 милиони долари), детално во Прилог 4, што ќе има импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија во наредните години.
Ревизијата укажува на потребата за утврдување на причините поради кои се покренати арбитражни постапки, со цел утврдување и иницирање на одговорност.

Истакнуваме дека во текот на ревизијата во декември 2022 година донесена е пресуда за една арбитражна постапка (спор кој произлегува од Договорот за купопродажба на акции и концесија склучен на 08.05.1999 година помеѓу Република Северна Македонија и инвеститорот Хеленик Петролеум) во корист на тужителот, врз основа на која Владата треба да исплати буџетски средства во вкупен износ од 21,5 милиони долари, иако побаруваниот износ од страна на тужителот бил во висина од 42,6 милиони долари (од кои 31,6 милиони долари на име главен долг и 11 милиони долари на име затезна камата).
Исто така во текот на ревизијата потпишана е спогодба за порамнување за намирување на долгот кој произлегува од арбитражниот спор во врска со Договорот меѓу Владата на Република Индија (должник) и Владата на Република Македонија, согласно која должникот треба да уплати износ во

корист на Владата од 858 илјади евра на 4 рати, при што потпишувањето на спогодбата е условено со уплата на прва рата од 250 илјади евра, која е извршена на 02.01.2023 година врз основа на добиено известување на МФ.

6.4. Во ноември и декември 2021 година од сметката на Генералниот секретаријат во рамки на владината Програма П1-Мерки за справување со КОВИД 19 кризата, исплатени се средства во вкупен износ од 613.158 илјади денари односно околу 10 милиони евра, како финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од корона вирусот КОВИД-19 врз производството и откупот на тутун, земјоделски производи (јаболко и ориз), грозје и винската индустрија. Исплатата е направена врз основа на одредбите од три закони[46]. АФПЗРР, согласно горенаведените закони, врши проверка на податоците врз основа на кои треба да се исплати финансиската помош и изработува решенија за исплата по поединечен корисник во кој е содржан износот на финансиската поддршка. АФПЗРР, во рок од пет дена од денот на донесувањето на решенијата изработува извештај кој заедно со решенијата во електронска форма ги доставува до Генералниот секретаријат. Истакнуваме дека Генералниот секретаријат врши само исплата на средствата за финансиската поддршка на трансакциска сметка на корисникот на истите, врз основа на донесените решенија.

Доколку со инспекциски надзор од Државниот инспекторат за земјоделство се утврди дека корисниците на финансиската поддршка се стекнале со финансиска помош преку давање на невистинити податоци, должни се да го вратат износот на исплатените финансиски средства во целост на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија преку Владината програма П1 – Мерки за справување на COVID-19 кризата, од каде што е извршена исплатата, со законска казнена камата, во рок од 30 дена од денот на извршената контрола.

Целокупната документација врз основа на која е утврден износот на финансиската помош, извршените проверки на податоците врз основа на кои треба да се исплати финансиската помош од страна на АФПЗРР, како и извршените контроли од страна на Државниот инспекторат за земјоделство, ќе бидат предмет на посебна ревизија кај одделните буџетски корисници, за кои

[46] - Законот за исплата на финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од корона вирусот Ковид-19 врз производството и откупот на тутун „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 174 од 30.07.2021 година,
- Законот за исплата на финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од корона вирусот Ковид-19 врз производството и откупот на земјоделски производи „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 293 од 24.12.2021 година и
- Законот за исплата на финансиска поддршка за намалување на последиците предизвикани од корона вирусот Ковид-19 врз производството, откупот на грозје и винската индустрија „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 290/20, 103/21 и 293/21

одговорноста во однос на наменското и законското користење на средства е на одговорните лица на одделните буџетски корисници.

Согласно наведеното може да се констатира дека Генералниот секретаријат врши само исплата на средствата за финансиска поддршка, додека надлежностите за доделување, следење на реализацијата, контрола над законското и наменското користење на средствата се кај различни одделни институции, поради што постои потреба од преиспитување дали средствата треба да бидат предвидени во буџетот на Владата (образложено и во точка 4.3.7.3.), имајќи ја предвид законската обврска од член 37-а од Законот за буџетите каде е уредено дека за извршувањето на буџетот на секој буџетски корисник одговорен е раководителот на буџетскиот корисник, кој воедно треба да обезбеди целосно функционален систем на финансиски менаџмент и контрола.

Истакнуваме дека согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година извршени се три ревизии на успешност од страна на овластениот државен ревизор за ефикасноста на економските мерки на Владата на Република Северна Македонија за справување со кризата предизвикана од вирусот Ковид-19 со кои се опфатија исплатените средства за финансиска поддршка од Буџетот на Република Северна Македонија преку Владината програма П1 – Мерки за справување на COVID 19 и тоа:
- ревизија на успешност на тема „Преземени мерки и политики за поддршка на вработувањето и професиите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од ковид-19“,
- ревизија на успешност на тема “Економски мерки на Владата на Република Северна Македонија за справување со кризата предизвикана од вирусот Ковид-19“ и
- ревизија на успешност на тема „Ефикасност на преземените мерки и политики за намалување на ефектите од пандемијата во секторот туризам”.

Состојбите и препораките во однос на ефикасноста на економските мерки на Владата на Република Северна Македонија за справување со кризата предизвикана од вирусот Ковид-19, се составен дел на Конечните извештаи на овластениот државен ревизор за наведените ревизии.

Постапувајќи согласно одредбите од наведените закони како и по препораките дадени од овластениот државен ревизор извршени се уплати по основ на поврат на средства од П1 програмата од страна на субјектите кои не ги исполниле договорните обврски, согласно кои во Буџетот на Република Северна Македонија заклучно со 26.01.2023 година уплатени се вкупно 293.802 илјади денари односно 4,8 милиони евра.

6.5. Во рамките на Владината програма Д9–Финансиска поддршка на инвестициите, од сметката на Генералниот секретаријат во 2021 година, исплатени се средства како финансиска поддршка на инвестициите на деловните субјекти кои ќе инвестираат во Република Северна Македонија, во вкупен износ од 791.553 илјади денари односно 12,9 милиони евра.
Видовите на финансиска поддршка на инвестициите, висината, условите, начинот и постапката за доделување на финансиска поддршка се уредува со Закон за финансиска поддршка на инвестиции[47] и Правилникот за формата и содржината на барањето за исплата на финансиската поддршка, потребната документација, видовите на оправдани инвестициски трошоци и начинот на спроведување на исплатата на финансиска поддршка[48].
Надлежни органи за спроведување на постапката за доделување на финансиска поддршка се Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, додека финансиската поддршка ја доделува Владата со директна исплата на сметката на корисникот, согласно со склучениот договор за финансиска поддршка.

Согласно член 42 од Законот за финансиска поддршка на инвестиции Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот и Министерството за економија го следат спроведувањето на склучените договори за доделување на финансиска поддршка за време на нивната важност и вршат контрола над истите.
За видот, начинот и обемот на вршење на активностите на следење и контрола на реализацијата на склучените договори, предвидено е министерот за економија да донесе акт, **кој до денот на ревизијата не е донесен** .

Ревизијата истакнува дека потребно е да се иницира и во најкус можен рок да се донесе наведениот правилник, со кој ќе се овозможи законско следење и контрола на доделените средства за финансиска поддршка на инвестициите.

Инвестицискиот проект за кој се доделува финансиска поддршка не може да трае подолго од пет години од денот на почетокот на реализација на инвестицискиот проект. Корисникот на финансиската поддршка кој примил финансиска поддршка има обврска да ја одржува инвестицијата за период од најмалку пет години по датумот на завршување на инвестицискиот проект.

Исплатените средства за финансиска поддршка на инвестициите во период од 2018 до 2022 година е прикажан на следниот графикон:

---
[47] "Службен весник на Република Македонија" број 83/18, 98/19, 124/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 178/21
[48] "Службен весник на Република Северна Македонија" број 215 од 17.10.2019 година

во 000 денари




Од причина што Законот за финансиска поддршка на инвестициите е донесен и исплата на финансиската поддршка е започната во 2018 година, која се доделува за период од пет години односно заклучно со 2022 година, целокупната постапка на одобрување, исплата на финансиската поддршка на инвестициите по корисници како и ефектите/додадената вредност од доделената финансиска поддршка односно поттикнување на економскиот раст и развој во Република Северна Македонија преку поддршка на инвестициите за зголемување на конкурентноста на економијата на Република Северна Македонија и на вработувањата, ќе биде предмет на ревизија кај одделните буџетски корисници.

6.6. Во член 72 од Законот за буџети кој стапува на сила на 01.01.2025 година, уредено е дека под финансиски и нефинансиски (материјални) средства на државата и општините се подразбираат средства што се во сопственост на државата и на општините. Финансиски средства се парични средства и депозити, побарувања по дадени кредити, побарувања по платени гаранции, други побарувања, должнички хартии од вредност и акции, финансиски деривати, удели и друга сопственост во правни лица, додека нефинансиски средства претставуваат основни средства, залихи, скапоцености и земјиште, природни богатства и други не произведени средства.

Со член 73 од наведениот закон регулирано е право на управување и располагање со средствата сопственост на државата и на општините, согласно кој со финансиските и нефинансиските средства на државата управува Владата или јавните субјекти во сопственост на државата ако тоа е пропишано со закон.

Заради непречено управување со средствата сопственост на државата укажуваме на следните состојби за кои е потребно Владата да преземе активности и тоа:

- имајќи предвид дека согласно член 78 од Законот за буџети, МФ има обврска да води регистар на акции, уделите и учество во капитал во правни лица на државата и на општините, потребно е Владата да отпочне со обезбедување на документи за сопственост на финансиските средства на државата, заради непречено воспоставување на наведениот регистер и
- согласно податоците од МФ[49], Република Северна Македонија е доминантен сопственик во 13 акционерски друштва, 15 јавни претпријатија и 2 друштва со ограничена одговорност. Имајќи предвид дека согласно член 93 од Законот за буџети, МФ има обврска да изработи завршната сметка на буџетот, која помеѓу останатото вклучува и консолидирани биланси на состојба на државата и општините, потребно е Владата да воспостави евиденција на нефинансиски (материјални) средства сопственост на државата.

## 7. Останати прашања

7.1. Во Законот за организација и работа на органите на државната управа[50] уредена е организацијата, надлежноста и работата на органите на државната управа како дел од извршната власт, кои своите надлежности ги извршуваат во согласност со Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

Истакнуваме дека во член 5 од наведениот Закон, утврдени се органите на државната управа, кои можат да се основаат како министерства, други органи на државната управа и управни организации односно не е уредено формирање и на Генералниот секретаријат како орган на државната управа. Неговото формирање од друга страна пак е предвидено во член 39 од Законот за Владата на Република Северна Македонија.

Ревизијата смета дека потребно е надлежните органи да преземат мерки за усогласување на поодделните закони со Законот за организација и работа на органите на државната управа во однос на основањето, правата и надлежностите на државните органи и институциите.

[49] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/12/%D0%9F%D1%80%D0%B8%D1%85%D0%BE%D0%B4%D0%B8-%D0%B8-%D1%80%D0%B0%D1%81%D1%85%D0%BE%D0%B4%D0%B8-III-%D0%BA%D0%B2%D0%B0%D1%80%D1%82%D0%B0%D0%BB-2022.pdf

[50] Законот за организација и работа на органите на државната управа „Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 13/06, 82/08, 167/10, 36/11, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 110/19

7.2. Со Законот за вработените во јавниот сектор е уреден начинот и бројот на пополнување на посебни работни места во кабинетот на министрите, заради извршување на работни задачи на посебни советници, како и времетраењето на договорот за вршење на функција посебен советник.
Со извршената анализа на одредбите од наведениот закон, утврдивме отсуство на одредби за регулирање на висината на платата на посебните советници во одделните институции, вклучувајќи го и Генералниот секретаријат.

Истакнуваме дека во Предлог Законот за вработените во јавниот сектор, кој е во постапка на донесување, предвидена е одредба во која е утврдено вреднувањето на платата на вработените во кабинетите на министрите, меѓу кои и на советниците на министрите, со чие донесување ќе се надмине утврдената состојба.

БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2021 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | 2020 |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 12.208.121 | 14.946.185 |
| **Вкупно приходи** | | **12.208.121** | **14.946.185** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 232.524 | 218.658 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 137.000 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 624.178 | 369.938 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 9.322.165 | 13.721.310 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **10.315.867** | **14.309.906** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.2.5. | 1.892.254 | 636.279 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.892.254** | **636.279** |
| **Вкупно расходи** | | **12.208.121** | **14.946.185** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| Актива | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.1. | 476 | 13 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 96 | 210 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 32.744 | 67.258 |
| **Вкупно тековни средства** | | **33.316** | **67.481** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 702.339 | 340.232 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 16.559 | 129.785 |
| **Вкупно постојани средства** | | **718.898** | **470.017** |
| **Вкупна актива** | | **752.214** | **537.498** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 13.711 | 48.487 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 19.033 | 18.771 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 572 | 223 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **33.316** | **67.481** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 718.898 | 470.017 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **718.898** | **470.017** |
| **Вкупна пасива** | | **752.214** | **537.498** |

| ПРЕГЛЕД<br>НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2021 ГОДИНА | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
| | | |
| **Состојба 01.01.2021 година** | **470.017** | **470.017** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **403.654** | **403.654** |
| Набавки | 310.417 | **310.417** |
| Прекнижен износ од сметка 785-00 на сметка 637 | 2.211 | **2.211** |
| Ревалоризација на капитални средства | 91.026 | **91.026** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **154.773** | **154.773** |
| Преотстапени материјални средства | 29.613 | **29.613** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 22.784 | **22.784** |
| Амортизација | 102.376 | **102.376** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2021 година** | **718.898** | **718.898** |

Влада на Република Северна Македонија
**Генерален секретаријат**

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Sekretariati i përgjithshëm**

Арх. број/ Num. ark.: 12-3561/2
Датум/Data: 03-05-2023

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 04.05.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број: Nr. | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlera: |
| | 11-535/7 | | |


**м-р Максим Ацевски, Главен државен ревизор**

Државен завод за ревизија
Ул. „Павел Шатев“ бр. 2 Палата „Емануел Чучков“
1000, Скопје

Предмет: Известување по однос на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Владата на Република Северна Македонија

Врска ваш број: 11-535/4 од 31.03.2023 година

Почитувани,

До нашата институција доставен е Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Владата на Република Северна Македонија, согласно член 30 став 1 од Законот за државна ревизија, а по кој треба да се произнесеме во рок од 30 дена од денот на приемот.

Земајќи го предвид истото, ви ги доставуваме следните наши одговори кон вашите препораки:

Во Писмото до раководството во точка (2) потточка 2.1 и 2.2 каде препораката е „Одговорните лица на Владата да преземат мерки за соодветно евидентирање на исправката на вредноста на нематеријалните средства и на залихите во сметководствената евиденција“, известени се одговорните лица за водење на финансиско и материјално сметководство во Службата, така што во завршната сметка на Владата за 2023 година, евиденцијата ќе биде согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, како и Правилникот за содржината на одделните сметки на сметководствениот план за буџетите и буџетските корисници.

Во точка (2) потточка 2.3 каде препораката „Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за обезбедување на документација како потврда дека службените патувања во странство се реализирани, врз основа на која ќе се изврши исплатат на патните трошоци“, во прилог ви доставуваме Извештај од службен пат, за кој се исплатени 89 илјади денари.

Во точка 4.1. потточка 4.1.1. каде препораката е „Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за обезбедување на процедури за работните процеси и стандарди и нивна доследна имплементација“, ве известуваме дека во планот за јавни набавки за 2023 година ќе се додаде набавка за ИСО сертификати, кој ќе биде објавен на веб страната на Владата.

Во точка 4.2 потточка 4.2.3. каде препораката е „Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за кадровско доекипирање на Секторот за внатрешна ревизија“, ве известуваме дека веќе е интерно распореден еден службеник во Секторот за внатрешна ревизија, а во Годишниот план за вработување и унапредување на вработени за 2024 година, ќе се предвиди понатамошно доекипирање на секторот.

Во точка 4.2 потточка 4.2.4. каде препораката е „Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за склучување на договор со СОЗР со определување на видот, обемот, квалитетот, висината на надоместокот, рокот и начинот за извршување на услугите кои ќе се користат во текот на годината“, ве известуваме дека договорот е доставен до СОЗР.

Во точка 4.2 потточка 4.2.5. каде препораката е „Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за осигурување на евидентираниот објект-деловен простор со кој располага, како и опремата која е во нејзина сопственост“, ве известуваме дека со измена на планот за јавни набавки за 2023 година, ќе биде предвидена набавка за осигурување на објектот и опремата. Планот ќе биде објавен на веб страната на Влада.

Во точка 4.3. потточка 4.3.1. каде препораката е „Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за обезбедување на целосна документација во однос на висината на основната главница во друштвата каде Владата е основач, заради евидентирање на државната сопственост на деловните книги како и заради носење одлуки за понатамашно постапување“, ве известуваме дека е доставено барање за доставување на податоци до Централен депозитар.

Во точка 4.3. потточка 4.3.2. каде препораката е „Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за обезбедување на имотен лист за недвижностите за кои има стекнато право на користење и нивно сметководствено евидентирање во деловните книги на Генералниот секретаријат“, ве известуваме дека Предлог одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари, е веќе влезена во процедура и се очекува Владата да ја донесе до крајот на мај 2023 година, по што истата ќе се спроведе до Агенција за катастар на недвижности, со што корисничкото право на објектот на Владата, ќе биде запишано Генералниот секретаријат на ВРСМ.

Во точка 4.3 потточка 4.3.4. каде препораката е „Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за усвојување на извештајот за попис со 31.12“, ве известуваме дека Извештајот за попис, со состојба на 31.12.2022 година, е прифатен

и доставен до службата за постапување по наодите на Комисијата, по што ќе се формира комисија за расход на ИТ опремата која е нефункционална, застарена и не е во употреба.

Во точка 4.3 потточка 4.3.5, во врска со евиденцијата на сервисните часови, ве известуваме дека, со новиот договор за оваа намена,ќе се надмине затекнатата состојба. Исто така ќе отпочнат активности за утврдување на правото на користење на нематеријалните средства, по што истите соодветно ќе се евидентираат.

Точка 4.4 потточка 4.4.4, која се однесува на постапката за ангажирање на Lexia Avvocati, поради специфичноста и комплексноста на проектот, Владата на Република Северна Македонија доставила барања за понуда на повеќе меѓународни реномирани адвокатски куќи, со кои Владата претходно имала успешна соработка.

Одредбите од Законот за јавни набавки не се применуваат на наведената постапка, бидејќи спаѓаат под исклучоците предвидени во членот 23 од Законот за јавни набавки и тоа од повеќе различни аспекти.

Со оглед на карактеристиките и специфичноста на оваа постапка, таа целосно потпаѓа под исклучоците предвидени во точка 1 од членот 23 од Законот за јавни набавки.

Имено, тоа е постапка од меѓународен карактер и создава меѓународни правни обврски и вклучува услуги и работи наменети за заедничко спроведување или користење од страна на двете договорни страни (имајќи во предвид дека, тендерската постапка предвидува заедничко вложување на АД ЕСМ, компанија во 100% сопственост на државата, со најповолниот понудувач).

Оваа услуга, исто така, потпаѓа под член 23, точка 3, алинеја з) од Законот за јавни набавки. Имено, во овој случај правното лице е ангажирано да ги дава сите потребни правни услуги за постапката, вклучително и извршување на сите правни услуги поврзани со вршењето на службени овластувања што ќе бидат потребни при успешното финализирање на проектот, кој е од значителен јавен интерес. Притоа, согледувајќи ги карактеристиките на постапката и обврските што правното лице ги презело, јасно е дека тука се работи за правни услуги кои се поврзани со вршењето на службени овластувања и дека во овој случај не се предвидува примена на Законот за јавни набавки.

Во однос на забелешката во точка (7), потточка 7.2 во прилог ви доставуваме Одлука за изменување на одлуката за утврдување на висината на платата на работниците на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија кои немаат статус на административнеи службеник, во која е уредена висината на платата на посебните советници.

Искрено,

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Прилог:

- Извештај од службено патување
- Информација за давање на трајно користење на недвижни ствари на ВРСМ
- Барање за доставување на податоци-Централен депозитар
- Одлуки за изменување на Одлуката за утврдување на висината на платата на работниците во ГС на ВРСМ кои немаат статус на административен слиужбеник

Подготвила: Ивона Стојчева, раководител на сектор
Прегледала/Одобрила: Орхидеја Ѓорговска, државен советник

# Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

05.12, 2021

Архивски број: ___________________

До: Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

**Предмет**: Известување

Почитувани,

Ве информирам дека во периодот од октомври 2021 до април 2022 во Дубаи, Обединети Арапски Емирати, се одржува EXPO Dubai 2020, на којшто по препорака на претседателот на Владата на РСМ, од 01.11.2021 до 30.11.2021 бев испратена како претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата, на позицијата Директор на павилјонот на Република Северна Македонија, вршејќи ги следните задолженија:

1. Исполнување на задолженијата и насоките дадени од страна на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
2. Протокол на делегациите кои доаѓаат од Република Северна Македонија и земјите од светот на „EXPO Дубаи 2020";
3. Претставување на државата пред посетителите на павилјонот на Република Северна Македонија;
4. Координација на волонтерите кои се задолжени за павилјонот на Република Северна Македонија на „EXPO Дубаи 2020"
5. Присуство на настани и средби поврзани со Целите на одржлив развој и Агенда2030 на „EXPO Дубаи 2020"
6. Посета на павилјоните на другите земји од светот и концептуалните павилјони, средби и соработка со директорите на павилјоните на земјите од светот.

Ви благодарам на соработката.

Со почит,

Иванна Хаџиевска,
Советник на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за меѓународни односи и соработка со организации


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Влада на Република Северна Македонија

**ИНФОРМАЦИЈА**
**за давање на трајно користење на недвижни ствари**
**на Владата на Република Северна Македонија**

ВОВЕД

Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до Владата на Република Северна Македонија, достави Информација за давање на трајно користење на недвижни ствари на Владата на Република Северна Македонија, согласно одредбите од член 18 став 1 од Законот за користење и располагање со сварите во државан сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 257/19 и 122/21).

ПРАВНА ОСНОВАНОСТ

Основаноста на Барањето на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија се темели на користењето на недвижните ствари, поточно Владата на Република Северна Македонија ги користи недвижните ствари -зградите во која што е сместена, а државата ја нема доделено на трајно користење.

Објектот на Владата на Република Северна Македонија е изграден на КП бр. 9565/4, КО Центар 1 на земјиште кое запишано во Имотен лист бр.46923 Центар 1, сопственост на Република Северна Македонија, а објектите се евидентирани на КП бр.9565/4, КО Центар 1, сопственост на Република Северна Македонија.

Поради потребата да се регулира правниот статус, односно правото на трајно користење на објектите на Владата, потребано е Владата на Република Северна Македонија на следната наредна седница да ја разгледа Предлог-одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Владата на Република Северна Македонија и истата да ја донесе.

РЕШЕНИЕ КОЕ СЕ ПРЕДЛАГА

Владата на Република Северна Македонија ја разгледа и усвои Информација за давање на трајно користење на недвижните ствари на Владата на Република Северна Македонија и да ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижните ствари на Владата на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

Врз основа на член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ____април 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на трајно користење на недвижна ствар на Владата на Република Северна Македонија**

**Член 1**

Со оваа одлука на Владата на Република Северна Македонија се дава на трајно користење, без надомест, недвижни ствари - објекти кои се наоѓаат на Бул. „Илинден" бр.2, Скопје на КП бр.9565/4, КО Центар 1, запишани во Имотен лист бр.46923, сопственост на Република Северна Македонија, и тоа:

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат 1, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 1540 $м^2$,

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат 1, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ПП, со внатрешна површина од 161 $м^2$,

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат 1, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 69$м^2$,

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат 2 , број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 25 $м^2$,

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат 2 , број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 344 $м^2$,

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат 3 , број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 25 $м^2$,

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат 3 , број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 341 $м^2$,

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат К 4 , број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 25 $м^2$,

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат 4 , број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 340 $м^2$,

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат ПО , број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 2025$м^2$,

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат ПО , број /, намена на посебен /заеднички дел зграда Г, со внатрешна површина од 3346$м^2$,

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат ПО , број /, намена на посебен /заеднички дел зграда П, со внатрешна површина од 1294$м^2$,

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат ПО , број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 54$м^2$,

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат ПР , број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 1983$м^2$,

- Број на зграда/друг објект 1, намена на зграда: В4, влез 1, кат ПР, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 47$м^2$,

- Број на зграда/друг објект 2, намена на зграда: В4, влез 1, кат ПО, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда П, со внатрешна површина од 96$м^2$,

- Број на зграда/друг објект 2, намена на зграда: В4, влез 1, кат ПР , број , намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 197 $м^2$,

- Број на зграда/друг објект 2, намена на зграда: В4, влез 1, кат ПР, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 22 $м^2$,

- Број на зграда/друг објект 3, намена на зграда: В4, влез 1, кат1, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 351$м^2$,

- Број на зграда/друг објект 3, намена на зграда: В4, влез 1, кат 1, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 21$м^2$,

- Број на зграда/друг објект 3, намена на зграда: В4, влез 1, кат 2 , број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 21$м^2$,

- Број на зграда/друг објект 3, намена на зграда: В4, влез 1, кат 2, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 348$м^2$,

- Број на зграда/друг објект 3, намена на зграда: В4, влез 1, кат 3, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 351$м^2$,

- Број на зграда/друг објект 3, намена на зграда: В4, влез 1, кат 3, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 21м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 3, намена на зграда: В4, влез 1, кат 4, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 23м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 3, намена на зграда: В4, влез 1, кат 4, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 354м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 3, намена на зграда: В4, влез 1, кат ПО, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 27м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 3, намена на зграда: В4, влез 1, кат ПР, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 84м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 3, намена на зграда: В4, влез 1, кат ПР, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 20м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 4, намена на зграда: В4, влез 1, кат ПР, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 146м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 5, намена на зграда: В4, влез 1, кат 1, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 20м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 5, намена на зграда: В4, влез 1, кат 1, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 360м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 5, намена на зграда: В4, влез 1, кат 2, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 347м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 5, намена на зграда: В4, влез 1, кат 2, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 22м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 6, намена на зграда: В4, влез 1, кат 1 , број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 20 м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 6, намена на зграда: В4, влез 1, кат 1, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 350м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 6, намена на зграда: В4, влез 1, кат 2, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 25м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 6, намена на зграда: В4, влез 1, кат 3 , број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ХС, со внатрешна површина од 25 м$^2$,

- Број на зграда/друг објект 6, намена на зграда: В4, влез 1, кат 3, број /, намена на посебен /заеднички дел зграда ДП, со внатрешна површина од 338м$^2$.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

| | |
|---|---|
| **Бр.** | **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА** |
| **___ Април 2023 година** | **РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** |
| **Скопје** | **д-р Димитар Ковачевски** |

Образложение

Правен основ за донесување на предметната одлука е член 18 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 275/19 и 122/21). Согласно наведениот член: „Недвижните ствари во државна сопственост, Владата на Република Македонија со одлука, може времено или трајно да ги даде на користење, со или без надоместок, на државни органи, на правни лица основани од државата, општините, општините во градот Скопје, градот Скопје, здруженија на граѓани и фондации.

Одлуката која е предложена е на барање на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, а се работи за зградите во кои што е сместена Владата.

Согласно препораката од Нацрт извештајот на Државниот завод за ревизија бр.11-535/4 од 31.03.2023 година,Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ја предлага предметната одлука, со барање зградата на Владата да се даде на трајно користење на Владата на Република Северна Македонија, бидејќи во Имотен лист правото на сопственост е запишано на Република Северна Македонија, а корисничко право на Владата не е воспоставено.

Со оваа одлука на Владата на Република Северна Македонија се дава на трајно користење, без надомест, недвижни ствари – објекти кои се наоѓаат на Бул. „Илинден бр.2 " во Скопје, на КП бр.9565/4, КО Центар 1, запишани во Имотен лист бр.46923, сопственост на Република Северна Македонија.

Согласно напред наведеното, се предлага Владата на Република Северна Македонија да ја донесе предметната одлука во предложениот текст.

Влада на Република Северна Македонија

## ПРЕДЛОГ ЗАКЛУЧОЦИ

1.Владата на Република Северна Македонија ја разгледа и усвои Информацијата за давање на трајно користење на недвижни ствари на Владата на Република Северна Македонија, со Предлог - одлука

2.Владата на Република Северна Македонија ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Владата на Република Северна Македонија.

Влада на Република Северна Македонија
**Генерален секретаријат**

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
**Sekretariati i përgjithshëm**

Арх. број/ Num. ark.: 45-4434/1
Датум/Data: 02-05-2023

Централен депозитар за хартии од вредност
Ул. „Кузман Јосифовски – Питу“ бр.1
1000, Скопје

Предмет: Барање за доставување на податоци

Почитувани,

На ваша надлежност ви доставуваме барање за податоци за целосна документација во однос на висината на основната главница во друштвата каде Владата е основач и акционер, со цел сметководствено евидентирање на државната сопственост на деловните книги, како и заради носење одлуки за понатамашно постапување.

Имено, Државниот завод за ревизија, согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година, вршеше ревизија во нашата институција во период од 10.10.2022 до 30.12.2022 година.

Во доставениот нацрт извештај, во точка 4.3. потточка 4.3.1, има препорака „Одговорните лица на Владата да преземат мерки и активности за обезбедување на целосна документација во однос на висината на основната главница во друштвата каде Владата е основач, заради евидентирање на државната сопственост на деловните книги како и заради носење одлуки за понатамашно постапување“, согласно која треба да постапиме.

Од горенаведеното очекуваме одговор од ваша страна со бараните податоци.

Искрено,

м-р Методија Димовски

генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Подготвила: Ивона Стојчева, раководител на сектор
Прегледала/ Одобрила: Орхидеја Ѓорговска, државен советник

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Архивски број: 04-9881/3 од 02-11-2020 година**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019 и 110/2019), член 39 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019), членовите 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113 и 114 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/2019), генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, донесе

# О Д Л У К А
## за изменување на Одлуката за утврдување на висината на платата на работниците во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија кои немаат статус на административен службеник

**Член 1**

Во одлуката за утврдување на висината на платата на работниците во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија кои немаат статус на административен службеник бр.04-9797/1 од 20.10.2020 година, се врши измена така што во членот 4 во табеларниот приказ редниот број 7, 8 и 9 се менуваат и гласат:

| Реден Број | Назив на работното место | Основна плата | Работна успешност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Посебен советник за правни прашања во Кабинетот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија; | 200 | 806 | 1006 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Посебен советник за економски прашања во Кабинетот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија | 200 | 579 | 779 |
| 9 | Посебен советник за следење на проекти и искористување на ИПА фондови во Кабинетот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија | 200 | 579 | 779 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**д-р Драги Рашковски**

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Архивски број: 04-2243/1 од 12-02-2021.2.2021 година**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/2019 и 110/2019), член 39 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), членовите 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113 и 114 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/2019 и 267/2020), генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, донесе

**О Д Л У К А**

**за изменување на Одлуката за утврдување на висината на платата на работниците во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија кои немаат статус на административен службеник**

**Член 1**

Во одлуката за утврдување на висината на платата на работниците во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија кои немаат статус на административен службеник бр.04-9797/1 од 20.10.2020 година и Одлуката за изменување на одлуката за утврдување на висината на платата на работниците во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија кои немаат статус на административен службеник бр.04-9881/3 од 2.11.2020 година, се врши измена така што во членот 4 во табеларниот приказ редниот број 7 и 8 се менуваат и гласат:

| Реден Број | Назив на работното место | Основна плата | Работна успешност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Посебен советник за правни прашања во Кабинетот на генералниот секретар на Владата | 200 | 579 | 779 |

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на Република Северна Македонија; | | | |
| 8 | Посебен советник за економски прашања во Кабинетот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија | 200 | 806 | 1006 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зекири

Подготвил: м-р Иван Коцев
Контролирал: Светлана Димитровска
Надица Апостоловска

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на Република Северна Македонија; | | | |
| 8 | Посебен советник за економски прашања во Кабинетот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија | 200 | 579 | 779 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Мухамед Зекири

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

**Архивски број: 04-5087/1 од 04-05-2021 година**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/2019 и 110/2019), член 39 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015, 140/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.98/2019), членовите 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113 и 114 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/2019 и 267/2020), генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување на Одлуката за утврдување на висината на платата на работниците во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија кои немаат статус на административен службеник**

**Член 1**

Во одлуката за утврдување на висината на платата на работниците во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија кои немаат статус на административен службеник бр.04-9797/1 од 20.10.2020 година и Одлуката за изменување на одлуката за утврдување на висината на платата на работниците во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија кои немаат статус на административен службеник бр.04-2243/1 од 12.2.2021 година, се врши измена така што во членот 4 во табеларниот приказ редниот број 7 и 8 се менуваат и гласат:

| Реден Број | Назив на работното место | Основна плата | Работна успешност | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 7 | Посебен советник за правни прашања во Кабинетот на генералниот секретар на Владата | 200 | 806 | 1006 |

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

24-04-2023. 2023

Архивски број: 08-556/3

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar më: | 25.04.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj. org. | Број Nr. | Прилог: Shtojcë | Вредност: Vlera: |
| | 11-535/6 | | |

**До:** ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ул. „Павел Шатев" бр. 2
Палата „Емануел Чучков"
1000 Скопје

**Предмет:** Мислење по однос на Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финасиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Владата на Република Северна Македонија

Почитувани,

Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија внимателно го разгледа текстот на Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финасиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Владата на Република Северна Македонија.

Подолу се поместени конкретни предлози и забелешки во однос на Нацрт Извештајот што се однесуваат на состојби поврзани со работењето на Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, содржани во: Резиме стр.1, точка 4.2.1 стр. 10 и 11 и точка 4.3.6. стр. 21 и 22.

Во врска со наодите и препораките од Резиме стр.1, точка 4.2.1 стр. 10 и 11, Ве информираме за следното:

Согласно член 40, член 40-а, член 40-б и член 41 од Законот за Владата на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08,82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19) Владата за своите потреби може да основа и други самостојни или заеднички стручни и други служби.

Согласно член 11 став (4) од Законот за Влада на Република Северна Македонија, претседателот на Владата може да формира Канцеларија која му помага во вршењето на неговите права и должности кои произлегуваат од Уставот, закон и Деловникот за работа на Владата.

**Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија** (во натамошниот текст: Канцеларијата) **за прв пат е основана во 2002 година.** Согласно Одлуката за формирање на Канцеларијата на Претседателот на


Канцеларија на Претседателот на Владата
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Владата на Република Северна Македонија[1], Канцеларијата обезбедува поддршка на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија во вршењето на неговите права и должности кои произлегуваат од Уставот, Законот и Деловникот за работа на Владата на Република Северна Македонија, преку давање стручни мислења и ставови.

**Со Канцеларијата раководи шеф на Канцеларијата** кој го именува и разрешува Претседателот на Владата.

**Шефот на Канцеларијата** раководи со Канцеларијата, врши координација на работата на секретарите, помошниците секретари, советниците, соработниците, надворешните советници и административните службеници во Канцеларијата, обезбедува единствено функционирање на Канцеларијата, **донесува Правилник за внатрешна организација на Канцеларијата и Правилник за систематизација на работните места на Канцеларијата**, како и други акти кои се однесуваат на Канцеларијата и решава за правата од работен однос на административните службеници во Канцеларијата.

Стручните и другите служби (вклучително и Канцеларијата) исто како и министерствата и другите органи на државната управа, односно сите органи на извршната власт се интегрален дел на системот на јавниот сектор и подлежат на режимот на прописите со кој истиот е регулиран.

Оттука, интерните акти на Канцеларијата со кои се уредува нејзината организациска поставеност и распоредот на вработените по работни места - Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места на Канцеларијата се донесуваат од страна на раководното лице (во случајов, тоа е Шефот на Канцеларијата) врз основа на Законот за вработените во јавниот сектор и Одлуката за формирање на Канцеларијата. Постојните акти за внатрешна организација и систематизација на работните места на Канцеларијата се усогласени и со: Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа, Уредбата за описите на категориите и нивоата на работните места на административните службеници и Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна органиација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите во јавниот сектор.

Делокругот на работа на организационите единици (сектори и одделенија), формирани во Канцеларијата соодветсвува на потребите за извршување на административни работи во Канцеларијата, а не на потребите на Генералниот секретаријат на Владата. Имено, не станува збор за преклопување на надлежности, туку за потреба од слични организациски структури и слични работни места за

[1] „Службен весник на Република Северна Македонија" број 72/2022

остварување на различни надлежности на две различни институции од јавниот сектор - Генералниот секретаријат и Канцеларијата.

Оттука, а особено имајќи го предвид позитивното законодавство, цениме дека препораката за носење на еден заеднички акт за внатрешна организација и за систематизација на работните места за Генералниот секретаријат и Канцеларијата во целина е неспроведлива.

Што се однесува на наодот од точка 436 стр. 21 и 22 дека за зголемување на вредноста во 2019 година од 676 илјади денари не е добиена документација за основот за евидентирање, во прилог доставуваме копија од Извештај за изршена процена на подвижен имот со состојба на ден 5.06.2019 година на Бирото за судски вештачења, заведен во Канцеларијата со архивски број 08-994/2 од 10.07.2019 година.

Во интерес на целосно и правилно прикажување на фактичката состојба, Канцеларијата останува отворена за соработка во насока на унапредување на содржината на Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финасиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Владата на Република Северна Македонија, пред негово финализирање.

На крајот, Канцеларијата изразува жалење до Државниот завод за ревизија што до наодите на кои реферираме во ова мислење, содржани во Нацрт Извештајот е дојдено врз основа на еднострана комуникација со Генералниот секретаријат, без да биде дадена можност, во текот на спроведување на ревизијата, Канцеларијата да понуди одговори и документација со која располага.

Со почит,

**Шеф на Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Мартин Попов**

Прилог: Ф-ја од Процена V СВ 57/19

Доставено до:
-Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

Изработил: Билјана Николовска Жагар
Контролирал: Стефанија Беламариќ



Канцеларија на Претседателот на Владата
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2009 SGS

Република Македонија
Министерство за правда
**БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА**

# ПРОЦЕНА

V СВ 57 / 19

**БАРАТЕЛ** Канцеларија на претседателот на Влада

08 **БРОЈ** 994 / 1

**ПРИМЕНО** 19-03-2019

**ЗАВРШЕНО** 09-07-2019

**СКОПЈЕ** ________ **ГОДИНА**

Ф 8.5.3/8

Република Северна Македонија
Министерство за правда
Биро за судски вештачења

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Drejtësisë
Byroja për ekspertizë ligjore

КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ZYRA E KRYETARIT TË QEVERIA SË REPUBLIKËS SË MAKEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено / E pranuar | 10-07-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. / Njësia Org | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 994/2 | | |

# ПРОЦЕНА / VLERËSIM

CB V - 57/19

Архивски знак / Shenjë arkivuese
Рок на чување / Afati i ruajtjes год. / viti
20__ година / viti

НАРАЧАТЕЛ НА ПРОЦЕНА: / POROSITËS I VLERËSIMIT:

Влада на Република Северна Македонија
Канцеларија на Претседател на Влада

Датум на реализација: / Data e realizimit: Јули 2019 година

Проценител: / Vlerësues: Марина Кралева Клампфер, дипл.екк
Орце Миладиноски, дипл.екк

Директор/Drejtor
Valdet Xhaferi

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / Shumëzimi i raportit përveçse në formë të kompletuar, nuk është i lejuar . / This report shall not be reproduced except in full.

# И З В Е Ш Т А Ј
## за извршена процена на подвижен имот со состојба на ден 05.06.2019 година

| | |
|---|---|
| Нарачател на Процената | Влада на Р.С.Македонија<br>Канцеларија на Претседател на Влада |
| Комитент | Влада на Р.С.Македонија-<br>Канцеларија на Претседател на Влада |
| Датум на вршење на проценувањето | 05.06.2019 година |
| Лица присутни на Процената | Соња Тодороска |
| Предмет на процена | Според доставеното Барање за проценка на дар со прилог Евиденциона книга на подароци за 2018 и 2019 година, предмет на процена се подароци кои ги има примено претседателот на Владата на РСМ. |
| Цел на процената | Утврдување на реална пазарна вредност на предметите за процена |
| Методи на процена | Процената е извршена со примена на Метод на директна пазарна споредба. |
| Извори на информации | - Евиденциона книга на подароци за 2018 и 2019 година;<br>- Пазарни продажни цени од трговската мрежа на исти или слични предмети со исти или слични карактеристики;<br>- Информации од Интернет;<br>- Непосреден увид. |
| Основа на утврдување на вредноста | Како основица за пресметка на вредноста на средствата предмет на процена според Метод на директна пазарна споредба, се зема цената на слични средства што се нудат на пазарот, информации од интернет од официјални web страници, како и податоците за предметите во однос на нивното потекло и намена. |
| Податоци од увидот Забелешки | На 05.06.2019 година, во присуство на преставници од нарачателот на процената беше извршен непосреден увид на предметите заради нивно препознавање и утврдување на општата состојба.<br><br>Помеѓу предметите за процена беа доставени на увид уметнички слики и Икони. Проценителите од областа на подвижни ствари не се во можност да ги проценат овие предмети, бидејќи истите претставуваат уметнички дела и затоа за нив не е дадена вредност во оваа Процена. |

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / Shumëzimi i raportit përveçse në formë të kompletuar, nuk është i lejuar . / This report shall not be reproduced except in full.

| | |
|---|---|
| | При увидот извршено е фотографирање на предметите и формирана е фотодокументација. Фотографии се дадени во прилог на проценката во ЦД. |
| **Изјава на проценителите** | Проценатa е извршена според Законот за процена, согласно "Методологија за процена на вредноста на подвижен имот, машини и опрема", објавена во Службен весник на РМ бр. 178 од 22.12.2011 година. |

## ПРОЦЕНЕТА ВРЕДНОСТ

Вкупната проценетата вредност на предметите, добиена врз основа на единечните вредности наведени во прилог листата составен дел на извештајот изнесува :

1. Листа на проценети предмети-подароци 2018 година 601.100 денари (прилог 1)
2. Листа на проценети предмети-подароци 2019 година 75.000 денари (прилог 2)

Вкупно **676.100 денари**

Проценетата вредност на подвижните предмети претставува орентациона цена на вредноста и истата би можела да се користи како почетна пазарна цена при лицитации.

Проценители:

Марина Кралева Клампфер, дипл.екк
Асс. Орце Миладиноски, дипл.екк

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / Shumëzimi i raportit përveçse në formë të kompletuar, nuk është i lejuar . / This report shall not be reproduced except in full.

# ПРИЛОГ 1: ЛИСТА НА ПРОЦЕНЕТИ ПРЕДМЕТИ-ПОДАРОЦИ ЗА 2018 ГОДИНА

| ЛИСТА НА ПРОЦЕНЕТИ ПРЕДМЕТИ-ПОДАРОЦИ ОД КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| **Реден број** | **евидентен број** | **ОПИС на дарот** | **ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ДАРИТЕЛ, државен орган или правно лице** | **ПОВОД** | **Проценета вредност на дарот (во денари)** | **ДАТУМ на предавање на дарот на органот во кој функционерот ја иршува должноста** |
| 1 | 107/18 | слика-Шибеник | Хрватски новинари | | 1.000,00 | 09.10.2018 |
| 2 | 108/18 | слика-икона | хотел Монте Кристо | посета на Благоевград | 6.000,00 | |
| 3 | 113/18 | резба Богородица | | | 1.800,00 | |
| 4 | 124/18 | слика (керамика-дрво) | амбасадор на Украина | | 3.000,00 | 08.02.2018 |
| 5 | 125/18 | тањир порцелан-украс | од турска делегација со Хамзет | | 2.500,00 | 08.02.2018 |
| 6 | 119/18 | Икона-Исус | | | 3.000,00 | |
| 7 | 117/18 | слика (керамика-дрво) | | официјална посета на Турција | 3.000,00 | 12.02.2018 |
| 8 | 121/18 | украс за на ѕид -дрво | | патуавње во Бугарија | 500,00 | |
| 9 | 142/18 | тањир украс-керамика | МНР Албанија | | 1.200,00 | 12.09.2018 |
| 10 | 132/18 | икона | | | 3.000,00 | |
| 11 | 135/18 | порцелански чаши | Амбасадор на Кина | | 5.000,00 | |
| 12 | 137/18 | мастило и перо за пишување | | поклон од Турција | 3.500,00 | |
| 13 | 138/18 | сет пенкала | | поклон од Косово | 6.000,00 | |
| 14 | 154/18 | украс | амбасадор на обединети арапски емирати | | 1.800,00 | 26.11.2018 |
| 15 | 141/18 | тањир за на маса-украс | | | 9.000,00 | |
| 16 | 150/18 | украс за на мас, макета | амбасадор на Кувајт | | 4.000,00 | 21.11.2018 |
| 17 | 100/18 | стаклена вазна | Мајк Пенс | патување во Америка | 5.500,00 | 19,20,21.09.2018 |
| 18 | 099/18 | плакета | министер за одбрана на Италија | | 1.000,00 | 17.09.2018 |
| 19 | 026/18 | вазна керамичка | Официјална посета на Турција | патување/посета на Турција | 7.000,00 | 12.02.2018 |
| 20 | 014/18 | монета со ликот на мајка тереза | | | 1.000,00 | |
| 21 | 014/18 | книга од мајка тереза | | | 400,00 | |
| 22 | 012/18 | плакета во рамка | делегација Израел | патување во Израел | 2.500,00 | |
| 23 | 012/18 | слика во дрвена рамка | делегација Израел | патување во Израел | 1.000,00 | |

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / Shumëzimi i raportit përveçse në formë të kompletuar, nuk është i lejuar . / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | 025/18 | книга од убавините на Малта | Парламент на Малта | патување/посета на Малта | 1.200,00 | |
| 25 | 024/18 | кутија украсна-дрво | совет на министри | патување/посета на Босна | 2.000,00 | 23.07.2018 |
| 26 | 155/18 | слика маска-дрво | Меѓународен драмски театар за лица со и без попреченост-Игри без маска | | 600,00 | 29.11.2018 |
| 27 | 147/18 | слика украс | | поклон од Турција | 3.000,00 | |
| 28 | 145/18 | тањир украс /метал-керамика | | поклон од Турција | 3.000,00 | |
| 29 | 146/18 | украс, писмо плишано | израелска фирма Деволи | поклон од Израел | 3.000,00 | 13.04.2018 |
| 30 | 144/18 | слика за на маса 24 каратно злато | Премиер на Малта, Џосеф Мускат | патување во Малта | 5.500,00 | |
| 31 | 148/18 | украс | Словенија | | 3.500,00 | |
| 32 | 156/18 | ЖИЧАН ИНСТРУМЕНТ-гусла | Црногорски амбасадор | | 3.500,00 | 30.11.2018 |
| 33 | 036/18 | ИКОНА | | | 1.500,00 | |
| 34 | 016/18 | филигран/ слика (срмен конец) | Гастромак 2017 | Гастромак 2017 | 1.500,00 | |
| 35 | 038/18 | слика | министер за надворешни работи на Грција | посета на министерот во Македонија | 1.200,00 | |
| 36 | 037/18 | слика | REZ-Art od frames | | 1.200,00 | |
| 37 | 015/18 | медаља | Federation European | FECC carneval cities 2017/2018 | 300,00 | |
| 38 | 041/18 | слика(платно, срмен конец) | Претседател на Влада - Брнабиќ | работна посета на Србија | 1.500,00 | 20-21.11.2017 |
| 39 | 008/18 | макета во рамка | Извршен комитет на совет на европски синдикати | | 600,00 | |
| 40 | 143/18 | вазна стаклена | Турски синдикат УФУК | | 12.000,00 | 04.07.2018 |
| 41 | 007/18 | макета во рамка | Општина Арачиново | | 600,00 | |
| 42 | 009/18 | златна маска во рамка | адвоктска канцеларија Penkov-Markov Partners | од учество на економски форум во Софија | 2.000,00 | 18.05.2018 |
| 43 | 011/18 | книга-убавини на земјата | Амбасада на Норвешка | | 1.200,00 | |
| 44 | 010/18 | монета-златна | општина Битола | | 1.500,00 | |
| 45 | 004/18 | Макета | NOLA-бугарска делегација | посета на РМ | 2.500,00 | |
| 46 | 005/18 | мала макета во рамка | Бугарска делегација/ од патување | посета на Софија | 1.200,00 | 07.12.2017 |
| 47 | 006/18 | мала макета во рамка-сребро | Босанска делегација/од патување | посета на Босна | 3.500,00 | |
| 48 | 008/18 | макета во рамка | Извршен комитет на совет на европски синдикати | | 800,00 | |
| 49 | 003/18 | македонска ракотворба, филигран, слика | АБИТ-Акедемија за банкарство и инф. Техноногија | | 1.800,00 | |
| 50 | 001/18 | макета | МАКПЕТРОЛ | | 1.200,00 | |
| 51 | 027/18 | вазна стаклена | МАТТО | настан во Stone Bridge | 22.000,00 | 14.03.2018 |
| 52 | 047/18 | плакета украсна | Стопанска банка | | 2.500,00 | |
| 53 | 049/18 | украс за на маса-камен | Претседател на Влада на Црна Гора | посета на Црна Гора | 1.500,00 | |
| 54 | 048/18 | слика | Хашим Тачи | посета на Косово | 3.500,00 | 12.12.2017 |

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / Shumëzimi i raportit përveçse në formë të kompletuar, nuk është i lejuar . / This report shall not be reproduced except in full.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 55 | 002/18 | вазна порцеланска | турски инвеститор | посета на турски инвеститори | 5.000,00 | |
| 56 | 064/18 | украс за на маса-железо | Зоран Јанчевиќ мајор, Љубљана | | 1.800,00 | |
| 57 | 050/18 | чаши стаклени 2 | Кинески амбасадор | средба со амбасадор | 2.000,00 | |
| 58 | 051/18 | пеперутка во рамка за на маса филигран | | | 2.500,00 | |
| 59 | 059/18 | чаша | Балкански универзитет | | 300,00 | |
| 60 | 023/18 | стаклена здела | Sa-Ra groupe-турски инвеститор | посета на турски инвеститори | 12.000,00 | |
| 61 | 069/18 | две кукли во носија од Македонија | | | 800,00 | |
| 62 | 065/18 | лепеза | Јапонски амбасадор | | 1.200,00 | |
| 63 | 056/18 | сувенир-национален елек од Горанци | | | 1.500,00 | |
| 64 | 062/18 | тањир | инвеститор од Израел | посета од Израел | 2.500,00 | |
| 65 | 080/18 | комплет за кафе-бакар | турски инвеститор | посета на турски инвеститори на РМ | 6.000,00 | |
| 66 | 057/18 | златник/монета, 10лв | Премиер на Бугарија | посета на Бугарија | 1.800,00 | 18.05.2018 |
| 67 | 058/18 | црвена тацна кожна | Општина Демир Капија | | 800,00 | |
| 68 | 054/18 | Македонско оро,Тешкото, слика за на ѕид | | | 3.000,00 | |
| 69 | 068/18 | украс антички камен | Градоначалник на Солун | посета во РМ | 2.000,00 | |
| 70 | 152/18 | слика украс со магнети | германска стопанска комора | | 1.800,00 | 22.11.2018 |
| 71 | 012/18 | слики од Израел | делегација Израел | патување во Израел | 2.000,00 | |
| 72 | 070/18 | плакета во рамка за на маса | Економски светски форум | Економски светски форум | 1.500,00 | |
| 73 | 076/18 | украс за на маса-plaketa | Косово | Посета на Косово | 1.000,00 | |
| 74 | 071/18 | украсен тањир за на маса | Бугарска делегација | патување од Бугарија | 2.500,00 | |
| 75 | 072/18 | слика со народни мотиви | Босанска делегација | посета на Република Српска - Босна | 1.500,00 | |
| 76 | 104/18 | кутија стаклена | Миро Церар | посета во РМ | 3.500,00 | 24.10.2018 |
| 77 | 116/18 | четири книги од Папта | Папа | Посета на Ватикан | 2.500,00 | |
| 78 | 075/18 | украс црква во Софија | Бугарија | патување од Бугарија | 3.000,00 | |
| 79 | 084/18 | сет за кафе порцелан | турски инвеститор | посета на турски инвеститори на РМ | 5.000,00 | |
| 80 | 046/18 | вазна | Официјална посета на Турција | патување/посета на Турција | 12.000,00 | 12.02.2018 |
| 81 | 013/18 | вазна порцеланска | турски инвеститор | посета на турски инвеститори | 30.000,00 | 29.11.2017 |
| 82 | 045/18 | вазна стаклена | турски инвеститор | посета на турски инвеститори на РМ | 15.000,00 | |
| 83 | 053/18 | кристална вазна | | | 4.000,00 | |
| 84 | 067/18 | тањир украсен | турски инвеститор | посета на турски инвеститори на РМ | 8.000,00 | |
| 85 | 052/18 | вазна порцеланска | турски инвеститор | посета на турски инвеститори на РМ | 36.000,00 | |

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / Shumëzimi i raportit përveçse në formë të kompletuar, nuk është i lejuar . / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 86 | 055/18 | две чаши за кафе и ѓезве | турски инвеститор | посета на турски инвеститори на РМ | 3.500,00 | |
| 87 | 063/18 | украс бакарен во кутија | | | 3.000,00 | |
| 88 | 079/18 | кутија дрвена | Јапонски амбасадор | | 1.200,00 | |
| 89 | 081/18 | кинеска вазна и тањир | Кинески амбасадор | | 1.500,00 | |
| 90 | 082/18 | тањир порцелан | Кинески амбасадор | | 3.000,00 | |
| 91 | 083/18 | тањир порцелан | Кинески амбасадор | | 3.000,00 | |
| 92 | 086/18 | монета сребро 2 лв | Бугарија | патување во Бугарија | 1.500,00 | |
| 93 | 091/18 | ИКОНА | | | 36.000,00 | |
| 94 | 090/18 | ИКОНА | | | 9.000,00 | |
| 95 | 019/18 | дрвен свеќник | ЕСНАФ здружение | | 300,00 | |
| 96 | 022/18 | бакарен чајник | | | 1.500,00 | |
| 97 | 060/18 | кутија украсна за на маса | IAI ELTA | | 6.500,00 | |
| 98 | 061/18 | украс за на маса во кутија | поклон од Бугарска делегација | посета на Бугарија | 18.000,00 | |
| 99 | 066/18 | украсен тањир од порцелан | турски инвеститор | посета на турски инвеститори на РМ | 5.000,00 | |
| 100 | 018/18 | вазна стаклена | турски инвеститор | посета на турски инвеститори | 32.000,00 | |
| 101 | 088/18 | украсно јајце во дрво | | | 1.800,00 | |
| 102 | 089/18 | украсен тањир порцелански | Турција | патување во турција | 17.000,00 | |
| 103 | 073/18 | плакета од Мајка Терза | Хашим Тачи | Посета на Косово | 1.800,00 | |
| 104 | 074/18 | украс | Peace Corps | | 1.000,00 | |
| 105 | 078/18 | плакета за на маса | Бугарија | патување од Бугарија | 1.500,00 | |
| 106 | 077/18 | плакета за на маса | амбасадор на Италија со сенатор | | 3.000,00 | 15.12.2017 |
| 107 | 085/18 | украс лик на Мајка Тереза | Косово | патување во Косово | 3.000,00 | |
| 108 | 087/18 | ЦД и украс за на маса плакета | Босна | патување во Босна | 3.000,00 | |
| 109 | 029/18 | златна маска во рамка | Македонски шуми | | 3.000,00 | |
| 110 | 105/18 | глава од камен, украс | археолошки локалитет СТОБИ | посета на локалитетот Стоби | 2.000,00 | 24.10.2018 |
| 111 | 112/18 | слика | Битола | | 1.200,00 | 11.05.2018 |
| 112 | 028/18 | порцеланска вазна | Официјална посета на Турција | патување/посета на Турција | 3.500,00 | 12.02.2018 |
| 113 | 115/18 | книга | амбасадор на Азербеџан во Анкара | | 1.200,00 | |
| 114 | 134/18 | украс за на маса | Турски синдикат | | 2.000,00 | 04.07.2018 |
| 115 | 136/18 | вазна | | поклон од Грција | 2.000,00 | |
| 116 | 111/18 | слика уметничка со ликот на Тоше | граѓанин | | 1.000,00 | |
| 117 | 122/18 | украс за на маса-од Кина | Chines Machinery Engineering Corporation | | 1.800,00 | |
| 118 | 118/18 | поштенска марка во рамка | македонска пошта | | 600,00 | |
| 119 | 120/18 | слика-вез | | патување во Србија | 2.500,00 | |
| 120 | 123/18 | украс плакета | ESNAF | | 1.000,00 | |
| 121 | 126/18 | монета-златник | PLASEN-инвеститор | | 1.200,00 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 122 | 140/18 | Кинеско знаменце | | | 1.200,00 | |
| 123 | 127/18 | икона од дрво | Детски дом-11 октомври | | 1.200,00 | |
| 124 | 130/18 | тањир украс за на маса | Турски синдикат | | 1.800,00 | 04.07.2018 |
| 125 | 128/18 | икона | БПЦ | | 3.000,00 | |
| 126 | 129/18 | кожна папка | Самит на НАТО во Брисел | | 3.500,00 | 11-12.07.2018 |
| 127 | 131/18 | слика-Кипар | Турски синдикат | | 3.000,00 | 04.07.2018 |
| 128 | 153/18 | украс за на ѕид везен | China energy coorperation | | 3.500,00 | 23.11.2018 |
| 129 | 109/18 | слика | Европска очна болница | | 5.000,00 | |
| 130 | 106/18 | карикатура-слика | Сојуз на стопански комори | | | |
| 131 | 101/18 | тањир стаклен | турски инвеститор-MEDICA | посета на турски инвеститори на РМ | 22.000,00 | 25.07.2018 |
| 132 | 102/18 | дрвена вазна-ќуп | Премиер на Романија | | 3.000,00 | 27.07.2018 |
| 133 | 149/18 | украс филигран за на маса | Премиер на Малта, Џосеф Мускат | посета во Македонија | 20.000,00 | 14.11.2018 |
| 134 | 096/18 | пенкало златно | | | 3.000,00 | |
| 135 | 095/18 | шоља за кафе и тацна, порцелански | амбасадор на Азербеџан | | 3.500,00 | |
| 136 | 094/18 | тањир стаклен за на маса | министер за надворешни работи на Финска | | 3.500,00 | |
| 137 | 097/18 | саат за на маса | Бучим | | 2.500,00 | 09.10.2018 |
| 138 | 093/18 | тањир | претседател на Бугарија | официјална делегација на Бугарија во Македонија | 2.500,00 | |
| 139 | 098/18 | компилација цедиња | Heydar Aliyen foundation | | 1.200,00 | |
| 140 | 139/18 | црн појас и бело кимоно | Карате федерација | 50 години карате | 1.500,00 | |
| | | ВКУПНО 2018 | | | 601.100,00 | |

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / Shumëzimi i raportit përveçse në formë të kompletuar, nuk është i lejuar . / This report shall not be reproduced except in full.

# ПРИЛОГ 2: ЛИСТА НА ПРОЦЕНЕТИ ПРЕДМЕТИ-ПОДАРОЦИ ЗА 2019 ГОДИНА

| ЛИСТА НА ПРОЦЕНЕТИ ПРЕДМЕТИ-ПОДАРОЦИ ОД КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | евидентен број | ОПИС на дарот | ИМЕ И ПРЕЗИМЕ НА ДАРИТЕЛ, државен орган или правно лице | Проценета вредност на дарот (во денари) | ДАТУМ на предавање на дарот на органот во кој функционерот ја иврешува должноста |
| 1 | 001/19 | стаклена чаша | поклон од делегација од Словенија | 3.600,00 | |
| 2 | 002/19 | венче златно-антички | од Грција | 3.500,00 | |
| 3 | 003/19 | слика украс | посета | 2.000,00 | 26.02.2019 |
| 4 | 004/19 | тањир украс | | 3.500,00 | |
| 5 | 005/19 | слика украс | од Израел, ден на Евреите | 2.000,00 | 13.02.2019 |
| 6 | 005/19 | слика украс | од Израел, ден на Евреите | 2.000,00 | |
| 7 | 006/19 | слика украс елек | од посета Албанија, Тирана | 3.000,00 | |
| 8 | 006/19 | украс јунакз а на маса | од посета Албанија, Тирана | 3.000,00 | |
| 9 | 007/19 | украс за на ѕид | средба | 2.000,00 | |
| 10 | 008/19 | макета | | 1.800,00 | 12.03.2019 |
| 11 | 009/19 | украс-слика на платно | кина | | |
| 12 | 010/19 | украс за на маса | Германски маршал фонд | 1.200,00 | |
| 13 | 011/19 | украс | УКИМ | 1.500,00 | |
| 14 | 012/19 | поштенска марка | Романија | 1.200,00 | |
| 15 | 013/19 | чаша украс | | 2.500,00 | |
| 16 | 014/19 | украс | | 1.000,00 | 17.05.2019 |
| 17 | 015/19 | за визитки | | 600,00 | |
| 18 | 016/19 | книга | Кина | 1.200,00 | |
| 19 | 017/19 | кожна книга | | 5.000,00 | |
| 20 | 018/19 | украс за на маса | Израел | 2.000,00 | |
| 21 | 019/19 | две слики везени | Црна Гора | 5.000,00 | |
| 22 | 020/19 | слика | | | |
| 23 | 021/19 | сваровски украс | Виена форум | 3.500,00 | |
| 24 | 022/19 | чаша мурал стакло | | 6.000,00 | |

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / Shumëzimi i raportit përveçse në formë të kompletuar, nuk është i lejuar . / This report shall not be reproduced except in full.

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 25 | 023/19 | монета, украс за на маса Борис дрангов | | 1.200,00 | |
| 26 | 024/19 | монсер вазна стакло | | 8.000,00 | |
| 27 | 025/19 | макета | Финансиска полиција | 900,00 | |
| 28 | 026/19 | украс тањири | | 3.000,00 | |
| 29 | 027/19 | украс меѓународна вселенска станица | | 3.000,00 | |
| 30 | 028/19 | коцка украс за на маса | | 1.800,00 | |
| 31 | 029/19 | слика уметничка Борг | | | |
| | | **Вкупно 2019** | | 75.000,00 | |

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / Shumëzimi i raportit përveçse në formë të kompletuar, nuk është i lejuar . / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

## Изјава на проценителите ангажирани во проценката на предметите - подароци кои ги има примено Претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Со оваа изјава се потврдува следново во врска со Проценката:

1. Лично извршивме преглед на позициите опфатени со оваа проценка. Проценката ја извршивме врз база на доставеното Барање за проценка на дар со прилог Евиденциона книга на подароци за 2018 и 2019 година - подароци кои ги има примено Претседателот на Владата на РСМ.

1. Немаме намера ниту досега, ниту во иднина да стекнеме сопственост над предметите или друг интерес од институцијата која беше предмет на нашата проценка.

2. Не постои личен интерес, ниту пристрасност на проценителите поврзан со институцијата која е предмет на проценка.

3. Нашиот надомест за изработката на оваа проценка на никој начин не е поврзан со искажаната вредност.

5. Во согласност со знаењето кое го поседуваме и нашите професионални уверувања, сите пресметки и податоци содржани во овој Извештај, врз основа на кои е извршена анализата, заклучоците и изнесеното мислење се точни и веродостојни на база на достапните податоци и информации.

Овој Извештај за проценетата вредност е изготвен во согласност со Меѓународните стандарди за проценка, како и професионални и етички стандарди, што ги почитуваат професионалните здруженија на проценители.

Датум: 08.07.2019

Изјавиле:
Марина Кралева Клампфер, дипл.екк
Асс. Орце Миладиноски, дипл.екк

Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / Shumëzimi i raportit përveçse në formë të kompletuar, nuk është i lejuar . / This report shall not be reproduced except in full.

[redacted]

Прилог број 6

Одговор
на забелешки на
Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

Добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Влада на Република Северна Македонија, на сметката на основен буџет (637) за 2021 година број 12-3561/2 од 03.05.2023 година, од одговорното лице г. Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-535/7 од 04.05.2023 година, како и од г. Мартин Попов, шеф на канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 11-535/6 од 25.04.2023 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

1. Забелешката на констатираните состојби во **точка 4.2.1.**, на дадената препорака како и на дел од Резимето, кои се однесуваат на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на Канцеларијата на Претседателот на Владата и на Генералниот секретаријат на Владата, **не се прифаќа.** Имено во забелешките дадено е образложение на надлежностите на Канцеларијата на Претседателот на Владата и на Генералниот секретаријат на Владата согласно Законот за Влада и Одлуката за формирање на канцеларија на Претседателот на Владата, како и потребата од нивно структурирање, формирање и функционирање, кои состојби овластениот државен ревизор ги имаше во предвид во текот на вршење на ревизијата.
   Во однос на делот од забелешката каде е наведено дека Канцеларијата на Претседателот на Владата и Генералниот секретаријат на Владата остваруваат различни надлежности на две различни институции од јавниот сектор, истакнуваме дека не станува збор за два органи на државна управа, имајќи предвид дека согласно Тековната состојба, со последна промена од 18.01.2022 година, во Централниот регистар на Република Северна Македонија, целосниот назив на субјектот гласи: Влада на Република Северна Македонија, а во делот овластени лица е наведено едно лице. Исто така, средствата за работа на Канцеларијата на Претседателот на Владата и на Генералниот секретаријат на Владата се предвидени за раздел-04001 Влада на Република Северна Македонија.

2. Забелешката на констатираните состојби во **точка 4.3.6.** кои се однесуваат на начинот на евидентирање на дел од материјалните средства (опрема, книги и подароци) **се прифаќа** поради дополнително доставена документација, како доказ за евидентирана опрема. Имено, за зголемувањето на вредноста во 2019 година од 676 илјади денари доставен е Извештај за извршена процена на подвижен имот, од 10.07.2019 година, која состојба ќе биде соодветно прилагодена во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

3. Во однос на констатацијата за начинот на соработка, истакнуваме дека во член 7 од Правилникот за начинот на вршење на државната ревизија[1] е уредено дека ...„*Помошникот на главниот државен ревизор, организира првичен состанок со органите на раководење и управување на субјектот предмет на ревизија и ги информира за ревизорските постапки и активности кои ќе се спроведат во текот на ревизијата, како и за потребата да се обезбедат просторни услови за работа на ревизорскиот тим и континуирана професионална соработка од вработените кај субјектот на ревизија за непречено вршење на ревизијата“...* Согласно наведеното, на одржаниот првичен состанок на ден 13.10.2022 година беше договорен начинот на меѓусебна комуникација и соработка со поодделните одговорни лица кои раководат со надлежните сектори во Владата и во текот на вршење на ревизијата беше остварена континуирана соработка преку директна и електронска комуникација со претставници и од Генералниот секретаријат на Владата и од Канцеларијата на Претседателот на Владата, за што се обезбедени и ревизорски докази.

**Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија**

4. Забелешките на дадените препораки во **точка 2.1.,точка 2.2. и точка 2.3.** се однесуваат на констатираните состојби во Писмото до раководство.
   Согласно методологијата за работа на Државниот завод за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија, Писмото до раководството содржи состојби кои немаат значајно влијание на мислењето и кои не се опфатени во ревизорскиот извештај, со препораки за нивно подобрување, кои треба да се имаат предвид во натамошното работење заради нивно надминување и истото не е предмет разгледување.

5. Забелешката на препораката во **точка 4.1. точка 4.1.1.** која се однесува на мерките и активностите кои треба да ги преземат одговорните лица на Владата за обезбедување на процедури за работните процеси и стандарди и нивна доследна имплементација, преставува **известување** за активностите кои ќе се преземат од страна на Владата во насока на спроведување на препораката. Имено, Владата ќе го дополни Планот за јавни набавки за 2023 година со нова набавка на ИСО сертификати.

---

[1] „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 264/2020

6. Забелешката на препораката во **точка 4.2.3.** која се однесува на мерките и активностите кои треба да ги преземат одговорните лица на Владата за кадровско доекипирање на Секторот за внатрешна ревизија, преставува **известување** дека интерно е распореден еден службеник во Секторот за внатрешна ревизија, како и дека во Годишниот план за вработување и унапредување на вработени за 2024 година, ќе се предвиди понатамошно доекипирање на секторот.

7. Забелешката на препораката во **точка 4.2.4.** која се однесува на мерките и активностите кои треба да ги преземат одговорните лица на Владата за склучување на договор со СОЗР за определување на видот, обемот, квалитетот, висината на надоместокот, рокот и начинот за извршување на услугите кои ќе се користат во текот на годината, преставува **известување** дека од страна на Владата изработен е договорот и истиот е доставен до СОЗР за потпишување.

8. Забелешката на препораката во **точка 4.2.5.** која се однесува на мерките и активностите кои треба да ги преземат одговорните лица на Владата за осигурување на евидентираниот објект – деловен простор со кој располага, како и опремата која е во нејзина сопственост, преставува **известување** дека Владата во Планот за јавни набавки за 2023 година ќе предвиди јавна набавка за осигурување на објектот и опремата.

9. Забелешката на препораката во **точка 4.3.1.** која се однесува на активностите кои треба да се преземат од страна на одговорните лица на Владата за обезбедување на целосна документација во однос на висината на основната главница во друштвата каде Владата е основач, заради евидентирање на државната сопственост во деловните книги како и заради носење одлуки за понатамошно постапување, преставува **известување** дека од страна на Владата доставено е Барање за доставување на податоци број 45-4434/1 од 02.05.2023 година до Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

10. Забелешката на препораката во **точка 4.3.2.** која се однесува на активностите кои треба да се преземат од страна на одговорните лица на Владата за обезбедување на имотен лист за недвижностите за кои има стекнато право на користење и нивно сметководствено евидентирање во деловните книги на Генералниот секретаријат, преставува **известување** дека изработена е Предлог одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари која Владата треба да ја донесе до крајот на месец мај 2023 година и истата ќе се спроведе во Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, со што корисничкото право на објектот на Владата ќе треба да се запише на Генералниот секретаријат.

11. Забелешката на препораката во **точка 4.3.4.** која се однесува на активностите кои треба да се преземат од страна на одговорните лица на Владата за усвојување на извештајот за попис со состојба на 31.12., преставува **известување** дека Извештајот за извршен попис со состојба на ден 31.12.2022 година е прифатен и доставен до организациониот облик задолжен за водењето на сметководството и деловните книги за постапување согласно состојбите утврдени од пописната комисија, како и дека ќе се формира комисија за расход на ИТ опрема која е нефункционална, застарена и не е во употреба.

12. Забелешката на констатираната состојба во **точка 4.3.5. алинеја 1** која се однесува на тоа дека во набавната вредност на лиценците е вклучена и вредноста на дополнителни услуги-пакет сервисни часови, која според природата на расходите не претставува вложувања во нематеријални средства и не треба да се прикаже како капитални расходи и да ја зголеми вредноста на нематеријалните средства, преставува **известување** дека со новиот договор за набавка на софтверски лиценци за потребите на јавната администрација во државните и образовните органи и институции кој ќе се склучи во 2023 година утврдената состојба ќе биде надмината.
Забелешката на препораката во **точка 4.3.5.** која се однесува на активностите кои треба да се преземат од страна на одговорните лица на Владата за утврдување на правото на користење на нематеријалните средства од страна на Владата или од страна на институциите корисници, преставува **известување** дека во иднина ќе се преземат дополнителни активности за утврдување на правото за нивно користење и соодветно евидентирање по одделните корисници.

13. Забелешката на констатираната состојба во **точка 4.4.4.** која се однесува на ангажирањето на правни услуги без да се спроведе постапка за набавка и покрај тоа што правните услуги согласно член 23 од Законот за јавните набавки не преставуваат исклучоци за кои одредбите на овој закон не се применуваат, **не се прифаќа**. Имено правните услуги подлежат на постапка дефинирана во член 121 став 2 од Законот за јавни набавки, согласно кој при набавка на овие посебни услуги договорниот орган треба да ги применува начелата на јавните набавки во однос на транспарентност, определување на предметот на набавка и техничките спецификации.